СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Тринаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**13-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 15.Х. 1993 ГОДИНА**

Дискутанти :

1. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 2, 61, 66, 70
2. АЛИУ ХАМИД - 17
3. АРСОВ ДРАГИ - 23, 32
4. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 30
5. АБДИ ФАИК - 72
6. ГОШЕВ ПЕТАР - 81
7. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 27
8. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 8, 28
9. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 15, 20
10. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 79, 80
11. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 31, 40
12. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 41
13. МАНЕВ ЕФТИМ - 74
14. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 10
15. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 18, 32, 4
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 21
17. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 51, 52, 61, 67
18. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 1,35 (води седница)
19. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 77
20. ПЕТРОВ ТОДОР - 12
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ-38
22. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 85
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 42, 45
24. СТАНКОВСКИ РИСТО - 54, 59, 76
25. ТАИРИ ЏЕЛИЛ -11
26. ТОШЕВ БЛАГОЈА - 46, 50, 58, 59, 76
27. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 36, 38, 64, 67
28. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 70

- седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Тринаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 октомври 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 13,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, пратеничките групи да обезбедат присуство на пратениците ако евентуално се во пратеничките канцеларии.

Пратениците да ги заземат своите работни места, а службите да утврдат точен број на присутни пратеници. (45 пратеници во салата). Тоа значи дека немаме сеуште доволен кворум за започнување со работа. Објавувам дека во 13,10 часот ќе утврдиме точен број на присутни пратеници за почеток на работа.

Ги молам пратениците да не ја напуштаат собраниската сала а координаторите на пратеничките групи да обезбедат присуство на пратениците кои^можат да стигнат на време.

(По 20 минути се достигна доволен број на пратеници за да може да работат.

Продолжуваме со работа.

Пратениците Божо Рајчевски, Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Јован Николов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

I/2.- ПЈ-ВБ

Минуваме на **<u>точката 23</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи</u>

Предлогот за донесување на закон и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за стопанство, ЗПК, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, поддржувајќи ги предлог - мерките за дополнителни давачки при увоз на земјоделски прехранбени артикли, истовремено изразувам и жалење,што навистина овие предлог - мерки не беа донесени порано, затоа што би се спречил неконтролираниот увоз и не би се создале такви конкурентни односи на нашите земјоделски производи. Ова не е присутно само кај нас, туку напротив и во земји со многу поразвиена пазарна економија, ваквите законски проекти се присутни. Меѓутоа, сакам да истакнам дека многу ќе беше повеќе во ред ваков предлог на закон, доколку одеше како предлог на закон не како предлог, туку како дефинитивен текст. Со оглед на тоа што не отиде како таков законски проект, јас мислам дека Владата потребно е да ги интензивира сите активности во донесување на овој законски проект, затоа што навистина нашата продукција на одредени земјоделски производи, како што тоа беа пиперките порано грозјето после тоа, јаболката, оризот итн., нема да ги стававме во едни услови да бидат конкурирани од многу односно од производи кои што можеби и не се конкуренција на нашите производи. Од тие причини сметам дека Законот треба односно дефинитивниот текст на законот треба да биде под итно донесен.

Трето, што сакав да истакнам е тоа дека со ова не сакам да кажам дека треба да се затворат сите пазарни подрачја, туку напротив да се интензивираат сите мерки и активности, кои што ќе ги отворат коридорите на пазар за пласман на нашите производи. Затоа што познато е дека и годинашнава продукција, да кажеме јаболката кои што ги има некаде околу 50 до 60 илјади тони, нивната реализација на нашите пазари би била околу 10 до 15%. Тоа значи дека Владата е должна, ако не друго со одредени бартер аранжмани да склучи договори со одредени соседни и други несоседни земји, да се отворат просторите за пласман на овој производ, земјоделски производ, затоа што навистина тој носи голем приход и доста девизи.

Од тој аспект мислам дека при увозот на овие земјоделски производи Владата мора да има една поголема стручна селективност при изборот на кои производи ќе ги царини со поголеми давачки и кои производи ќе бидат пласирани на нашиот пазар. Затоа, мислам можеби е и попаметно да се направи, да се воведат сезонски плафони во кои што одреден земјоделски производ ќе биде пласиран во лимити- рани количини тогаш кога нашите производи се присутни на пазарите. Се знае дека за јаболкото сезона му е некаде од септември, па се до нова година. Од тој аспект мислам дека воведувањето сезонски плафони во тој период на увозот на одредени јужни^овошја да биде намален би било навистина доста добро.

На крајот, заради поцелосен увид на преземените мерки и активности за заштита на домашното производство односно воведување на дополнителни давачки за увоз на земјоделски производи Владата' треба перманентно да соработува со Стопанската комора, со големите земјоделски комбинати, конзорциуми и други асоцијации, за да навистина има увод каква е состојбата со одредени земјоделски производи.

I/4.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот сакам да кажам дека ја поддржувам односно давам целосна поддршка за иницијативата за донесување на овој предлог на закон за посебни давачки при увозот на земјоделски прехранбени производи. Исто така во целост го поддржувам извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како и нејзиниот став односно заклучок со кој предлагаат да овој закон оди во да не речам скратена постапка, односно ја задолжува Владата на РМ односно бара од Владата на РМ во што пократко време да подготви предлог на закон и да го достави до Собранието на РМ. Бидејќи и самата содржина на овој закон не е толку голема нити е обемна мислам и сложена, а неговото одлагање не ќе има ефекти такви какви што би требало тие односи ги има доколку тој закон биде донесен што побрзо. Бидејќи се однесува за земјоделско производство кое е динамично, променливо, секојдневно и од таа причина и во самиот закон е предложено да Владата на РМ најмалку еднаш во три месеци а по потреба и секој месец го прати остварувањето и промените во снабдувањето и обезбедувањето на пазарот во нашата држава со земјоделските производи. Мислам дека нема држава во светот која не се грижи на некој начин да го заштити своето производство, а притоа да не дојде до нарушување на снабдувањето на пазарот со тие производи со кои се има намера овој закон да се заштити.

Јас би сакал со еден практичен пример да покажам колку е потребно овој закон да се донесе и колку тој закон може да има влијание на обезбедувањето, на снабдувањето на нашиот пазар со одредени производи, а исто така и заштита на одредени наши производители односно преработувачи на одредени производи. Мислам дека во овие

моменти многу е актуелно и на многу места се нудат огромни количини на увоз на брашно. Одредени стопански субјекти се во таква состојба што нудат количини кои се на некој начин за луѓе кои работат на таа проблематика, дури и несфатливи, бидејќи Македонија е едно подрачја која има лимитирана потреба од такви производи, а количините кои се нудат, а имајќи предвид дека пазарот во соседните земји односно да не кажам во сојузна република Југославија е затворен не е можно тие количини да бидат транспортирани надвор од нашите граници. Притоа, мислам дека и државата прави одредени грешки доколку ова не се стави во ред, бидејќи со увозот на поголеми количини на брашно се доведува во прашање искористеноста на капацитетите, поготово сега во една фаза кога имаме поголем број на изграба на приватни млинови во нашата држава а и при постоењето на постојните капацитети со кои тие капацитети во целост ги задоволуваат потребите на нашата држава тие капацитети во таква состојба ако продолжи, ќе бидат неискористени односно работниците ќе останат без работа и ќе бидат принудени да бидат враќани на принудни одмори значи, капацитетите нема да се користат, а пазарот ќе биде снабден со готов производ, кој во секој случај во многу поповолни услови може да биде произведен во нашата држава.

Оттука, мислам дека и самата држава прави повеќе грешки, бидејќи царината која е пропишана за увоз на пченица и на брашно е иста во висина од 6%, а- јасно е доколку е потребно да се увезе пченица, треба да се увезе во поголеми количини, додека ако се увезе брашно треба да се увезе во помали количини. Оттука и државата може да дојде во ситуација да добие многу помалку преку царина отколку што била увезена пченица. Цената кај пченицата е за трипати поевтина према тоа ќе биде потребно трипати помалце да се обезбедат девизни средства за покривање на една иста потреба. Оттука мислам дека во недостиг на

еден ваков закон еве и добиваме една таква состојба и во стопанството и во снабдувањето на нашата држава, практично една хаотична состојба која не одговара ниту на државата ниту на стопанството во нашата држава. Со донесувањето на ваков закон мислам дека Владата ќе биде во состојба со сопствени мерки со одлуки да го регулира ова, а притоа да не биде, како што реков, нарушен пазарот во нашата држава. Бидејќи имаме во низа случаи каде се работи за производи во кои партиципира, односно кои ги одредува тие цени ги одредува и исклучува Владата, односно државата Тоа, како што се рече, за брашното, за зејтинот, за шеќерот итн. а притоа тоа не може да значи дека одредените стопански субјекти со кои сега егзистираат по тие области во нашата држава, дека би требало на некој начин да постанат монопол, бидејќи тие не се во таква состојба да диктираат и услови на пазарот и цени.

Оттуак, велам дека и тоа е еден пример, а има низа такви примери со кои може да се покаже дека потребата од овој закон е неопходна и исто така, како што и на самиот почеток се залагав, постапката за донесување на овој закон што е можно да биде пократка односно следната фаза да биде предлог на закон за да може во што поскоро време тој да стапи на сила и за да може да ги даде позитивните ефекти.

Би сакал во оваа прилика да дадам една сопствена забелешка во член 7 каде се зборува дека средствата со наплата на посебните давачки при увозот на земјоделски прехранбени производи се уплатуваа од Буџетот на РМ. Мислам дека овде се прави една да не кажам вака, понатаму се продолжува со некоја дали социјализација или да не кажам демагогија, бидејќи јас се залагам всушност тие средства доколку се одземаат од одредена област од стопанството тие средства да бидат наменети за истата таа област, меѓутоа за стимулирање односно субвенции, компензации и за низа други околности со кои ќе може истата

таа гранка, таа област во нашата држава да се стимулира. Така, мислам дека средствата кои ќе се прибираат по тој основ да бидат исклучиво наменети за поттикнување и развој на земјоделството, односно оттаму од каде тие средства ќе се прибираат на истите тие места во основи организирани и по потреби да се враќаат. Мислам дека тоа би било и една принципиелна работа во која доколку има и понатаму потреба од донесување слични такви закони за други области да кажеме за заштита на рударството, за заштита на металургијата и некои други преработувачки дејности, тие средства кои по тој основ ќе се прибираат исто така да бидат наменети за таа област меѓутоа, организирано за отклонување на одредени слабости во таа област. Затоа, би сакал во дефинитивниот текст на Законот кога предлагачот ќе го предлага да го има тоа предвид и тие средства да не се сливаат во Буџетот, бидејќи нам ни е познато дека Буџетот е една голема да не кажам вреќа, симболично во која сите на некој начин сакаат да добијат, а најмалку би можеле да добијат оние кои навистина партиципираат во тој буџет.

Оттука, би сакал во членот 7 да биде прецизно кажано дека тие средства , кои ќе се прибираат по тој основ да бидат исклучиво наменети во развојот на земјоделството, а нормално преку развојот на земјоделството односно преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостоапнство. Тоа е една од забелешките по текстот на овој закон, а реков дека овој закон е сосема краток, не е сложен и мое залагање е и поддршка на заклучокот на Комисијата за земјоделство и шумарство во следната фаза да биде предлог на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Јордан Зафиров.

II/1 ЈМ/НД

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека не е спорно прашањето за усвојување на Предлогот за донесување на закон за посебните давачки при увозот на земјоделски производи. Исто и јас се залагам како и претходните дискутанти овој закон што побрзо да се рефлектира практично во остварувањето на што повеќе средства во земјоделието. Овој предлог-закон е многу значаен сегмент од аграрната политика на Републиката кој практично коинцидира со аграрната поли- тика од високо развиените земји во Европа и во светот. Со овие мерки се создаваат основните претпоставки кои ќе обезбедат и производни тенденции, односно поттикнување и заштита на домашното производство со остварување на стимулативни цени на земјоделските производи кои државата ќе преземе мерки да се постигнат на домашниот пазар особено оваа година кога имаме вонредно тешка состојба во аграрот. Мислам дека овој закон нуди можност да се избегнат и дампиншките цени при увозот на земјоделските производи, а воедно и енормно високите цени при домашните цени што значи ќе влијае во регулирањето на пазарот како во нормалното снабдување на пазарот, исто така и во однос на цените. Во оваа прилика исто би рекол дека Владата води една добра грижа во однос на јаболката при што беше кажано тука дека практично не е заштитена. -Мислам дека тој пример со јаболката да се извезе толку јаболка, а адекватно на тоа да се увезе јужно овошје е добар пример на заштита на домашното земјоделско производство. Мислам дека со овој закон ќе се овозможи и ќе има можност за акумулирање на нешто повеќе средства во буџетот со што практично тие ќе можат да бидат усмерени во поттикнување и развој на земјоделското производство. Имајќи ја во предвид огромната протенционистичка политика на развиените земји, ние имаме само единствена  можност само на овој начин да го

заштитиме домашното производство, а воедно да обезбедиме и соодветни субвенции при извозот на суфицитарните производи кои се во Републиката,имајќи ја во предвид пред се структурата на земјоделското производство во Републиката ние имаме огромен суфицит во определени производи, додека обратно огромен дефицит од други производи. Притоа не би требало Владата претежно да води политика и со овој закон, односно кога тој практично ќе се операционализира и за стандардот на граѓаните при што ќе бидат значително намалени средствата при увозот на земјоделските производи.

Во оваа прилика би сакал да кажам и неколку конкретни свои забелешки и размислувања кои сметам, не би рекол дека се тоа забелешки но, само појаснуваше кои само ќе бидат допрецизирани, односно во член 2 мислам дека треба да има сосема јасна претстава што е тоа домашна цена и да се знае кои елементи ја сочинуваат таа домашна цена или како што е сосема јасно што е тоа заштитна цена и ако се додаде акумулацијата која треба да биде сигурно стимулативна за земјоделските производители, ќе биде сосема јасно и што е тоа таа домашна цена, или во одреден момент што би значела таа. Обратно исто би требало да се Зима инструмент, или начин како ќе се регулира, која е таа увозна цена, имајќи во предвид дека прелевманот кој практично ќе се применува со овој закон може во многу случаи да биде изигруван, затоа што многу лесно може да се обезбеди документација која ќе бидел при увозот ќе имаме увоз на земјоделски производи со многу повисоки цени при што практично прелевманот ќе биде намален, а со тоа и сите средства кои треба да се акумулираат и кои се очекуваат да бидат акумулирани со овој закон ќе бидат намалени, а воедно и изигрување на овој закон. Во таа смисла мислам дека треба да се направат некои можности, односно решенија кои ќе понудат да сите овие моменти бидат отстранети. Исто мојата забелешка како претходните

дискутанти е и на член 7. Сметам дека ништо не смета ако овие средства бидат ставени на посебна сметка на буџетот при што практично ќе имаат и сосема јасна намена, а нивната намена се знае за што е, имајќи во предвид од кои извори се добиваат овие средства. Се согласувам со дискусиите на другите дискутанти и мислам дека овој закон ќе има далекосежно и многукратно влијание врз земјоделството, неговото поттикнување и развој и извоз на земјоделски производи.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, непознвајќи ја економијата и затоа не можам да дискутирам толку долго во врска со оваа проблематика. Но, само би укажал на едно што е потребно донесување на ваков закон што побрзо за заштита на некои земјоделски производи како што се рековме, прво, би рекол јас за шеќерната репа. Во минатата година, овие две-три години со дозволата на увезување, неконтролиран квалитет на производ на шеќер со пониски цени ја доведовме шеќераната во Битола да не може да функционира, да работи, да биде затворена,а со тоа над 3000 коопéранти индивидуални да се исклучат од производство на шеќерна репа, а камоли уште колкав беше земјоделскиот комбинат ЗИК "Пелагонија" - Битола. Сметам, ги подржувам заклучоците на Комисијата за земјоделство, шумарство и водосопанство да се увезува оваа не-доволна количина на шеќер што не може нашата домашна индустрија да ги снабдува, или пак кога тој ќе се потроши, кога ќе се види дека тоа се продало, па да се увезува така, а и да се води сметка и за цената и за квалитетот на шеќерот. Навистина со пазарната економија велиме дека поевтин шеќер ќе се увезува, меѓутоа, ако го споредиме квалитетот на битолскиот шеќер од фабриката и квалитетот што е увезен од странство

е далеку, далеку понеквалитетен. Тогаш треба да ги намалиме стандардите на производство и на фабриката да увезува и таа таков неквалитетен шеќер и таа ќе може да се вклопи во таквите пазари. Со ваков случај ако сакаме да имаме таков квалитет како досега е потребно да воведеме една посебна заштитна мерка за овие стратегиски земјоделски култури посебно за шеќерната репа за да може таа да опстане и работи. Инаку, со непродадениот нејзин шеќер минатата година 1992, па и 1991 година н оваа година со ниските цени формирани иако Комисијата за земјоделство и шумарство укажа на недостатокот на Владата дека секогаш цената била 1:4 со откупот на шеќерната репа, таа го пролонгира тоа не знам од кои соображенија иако беше укажано и не е исполнета оваа работа. Така што шеќераната вели: Јас над 60 не можам да откупувам, а земјоделците веќе треба да ја остават шеќерната репа да не можат да ја донесат заради тоа што со 60 пари не им се исплаќа ниту вештачкото ѓубре што го вложија а камоли другите посебни давачки. Затоа предлагам при донесувањето на овој закон да се има во предвид за оваа забрана на таков шеќер и со такви неконтролирани царинска и даночна политика, така што дојде и неквалитетен шеќер и избегнато е од царинските и даночните давачки и да дојде после на конкуренција на оние што треба да обработуваат најубав квалитет и затоа што не ќе можат да издржат ќе треба да ја затворат фабриката, а затварајќи ја фабриката се затвара 50% од производството на производите на ЗИК "Пелагонија" и над 3500 индивидуални производители на шеќерна репа.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, како и претходните дискутанти и јас го поддржувам предлогот за донесување на закон за воведување на посебни давачки при увоз на земјоделски

производи. Она што најповеќе излегов на говорницата е тоа што факт е дека секоја држава воведува посебни давачки за заштита на одделни и стратешки производи, па и ова е обид за да тоа се стори. Меѓутоа, мојата интенција е тоа дека треба и во овој дел да бидеме внимателни до која граница треба да се заштитиме и да не добиеме обратен ефект во однос на квалитетот. Порано ние заштитувајќи ги нашите фабрики и одделни производи итн. имавме лош квалитет и затоа да не биде на штета на квалитетот, сум за тоа да се воведат посебни давачки, меѓутоа сепак овие да не бидат такви мерки, таква мерка, која што ќе ги доведе одделни организации, односно производители во ситуација да стално произведуваат квалитет и да не го пратат чекорот на светското производство на одделни производи. Исто така, околу член 7 што беше и потенцирано овде. Се согласувам дека тоа треба во понатамошната фаза на овој предлог тоа да се расчисти, со тоа што би требало да има економска логика, од таму од каде што се зема треба да се врати. Мислам дека и како една посебна мерка е тоа тие средства да ги вложат таму за што е наменето и се согласувам со дискутантот кој што ја потегна оваа проблематика да тоа биде исклучиво решено во натамошната фаза на овој закон. И секако дека треба и предлагачот да размисли дали треба една фаза да се скрати со оглед на тоа дека еве ние по моја оценка малку и доцниме со донесувањето на овој закон. И затоа предлагам што побрзо Владата да предложи нацрт закон за воведување на посебни давачки.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Добро е што Владата предлага еден ваков закон за посебните давачки при увозот на земјоделски прехранбени производи, меѓутоа да не остане алиби заради не само како алиби и покритие за неефикасното работење на соодветните инспекциски органи, заради тоа што и покрај тоа што во одделни законски области имаме регулатива заради

неефикасно работење на инспекциските служби имаме неконтролиран увоз на било каква стока на домашниот пазар. На текстот што е предложен од Владата би ги укажал следните забелешки за кои што би требало да се имаат во предвид при утврдувањето на предлогот на законот за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи и тоа во членот 3 Владата при определувањето на производите земјоделски и прехранбени за кои при увозот претпријатијата ќе треба да плаќаат посебна давачка да ги има во предвид укажуваната и мислењата и на органот на државната управа надлежен за работите од областа на економските односи со странство. Исто така, во членот 5 би требало да се обрне внимание посебна давачка за увоз на земјоделски и прехранбени производи да не се наплатува покрај наведените точки 1 и 2 и при реекспортот на производи ако тие производи се извезуваат во рок од 30 дена од денот на увозот а најдоцна во рок од 6 месеци од денот на увозот. Во членот 7 средствата кои што се остваруваат и треба да се остваруваат со наплата на посебната давачка при увозот на земјоделски и прехранбени производи наведено е дека треба да се уплатуваат на сметка на буџетот, односно во Буџетот на Републиката, меѓутоа воопшто не е наведена намената на средствата. И затоа во Предлогот на законот кој ќе пристигне за усвојување треба да се наведе дека средствата кои што се остваруваат со наплата на посебна давачка при увозот на земјоделски прехранбени производи треба да се уплатуваат на посебна сметка на Буџетот на Републиката. И да се додадат нови ставови 2 и 3 во членот 7 кои ќе гласат: Средствата остварени по основ на наплата на посебната давачка при увоз на земјоделски и прехранбени производи се наменуваат исклучиво за поттикнување на развојот на земјоделството, а Владата за користењето на средствата да му поднесува најмалку еднаш годишно финансиски извештај на Собранието на Република Македонија. Исто така кога станува збор за членовите 8 и 9 каде што се предвидени

санкции за спроведувањето на одредбите од овој закон при евентуален неконтролиран увоз или недозволени дејствија од одделни правни и физички лица за пласирање на земјоделски и прехранбени производи на домашниот пазар да се предвидат и санкции со кои за истите дејствија ќе се изрекува и мерката одземање на против имотната корист и одземање на земјоделските прехранбени производи од промет за да се спречи штетното влијание на пласманот на овие увезени земјоделски и прехранбени производи од странство на домашниот пазар. Исто така, во членот 9 за стопански престап каде што се предвидува одредена казна во паричен износ за претпријатијата да се вгради нов став со кој што ќе се регулира дека за таквите дејствија со кои одделни правни субјекти регистрирани за промет на земјоделски и прехранбени производи преземаат или вршат дејствија на увоз и продажба на земјоделски и прехранбени производи за кои е предвидена посебна давачка да за овие прав ни лица се изрекува забрана за вршењето на дејноста промет со земјоделски и прехранбени производи и одземање на земјоделските и прехранбени производи од промет како една од заштитните мерки за спроведувањето на одредбите од овој закон.

И на крајот уште еднаш би повторил независно од одредбите на Законот, многу е поважно дејствувањето и влијанието на надлежните инспекциски органи бидејќи оваа година иако во услови на ограничување на пласманот на домашното производство, пред се на земјоделските прехранбени производи повторно имавме неконтролиран увоз на евтини земјоделски прехранбени производи од странство без никаква контрола од надлежните органи на царината при увозот со што и домашното производство се доведуваше во една нерамноправна положба, неможност за пласирање и покривање ако ништо друго барем на основните производствени трошоци за одвивање на наредниот производствен циклус.

III/1/JJ/лј

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

јас имам подругачије мислење од околу овој закон отколку што го имавте вие драги колеги затоа што ваквите закони припаѓаат на едно време кое помина и време кое ни остави длабоки последици. Навидум ова изгледа убаво да се заштитиме и со вакви нови царински давачки и со режими на увоз и со други протекционистички мерки, меѓутоа, тоа ќе не доведе во многу една друга состојба. Економијата е сложена наука. Затоа пазарот како барометар на понудата и побарувачката во светот е усвоен како неминовност и како нешто што ги регулира целокупните односи. Инаку и неразвиените земји кога би било така, и тие би се затвориле и би се ограничиле со многу увози. Па ќе речете и тоа дека и ние сме земја во развој и во овој момент ни се потребни такви заштитни мерки. Нема земја, морам да кажам уште во почетокот, дека во својот развој прво што не го развивала земјоделството, и прво да не ја решавала храната. И земјите, супер развиени и на запад почнувајќи од Америка и земјите во Западна Европа, тие најголемите напори и почесните инвестиции и најзначајните инвестирања што ги направиле во почетокот биле во обезбедување на доволно количества на храна најразновидна млеко, месо, зрнеста храна итн., а после тоа одела на развојна индустрија. Меѓутоа тоа не го правела со протекционистички мерки, туку со вложување и со влијание на пазарот, го развивал она што можел да го прифати пазарот.

Инаку ова сега е врзано коло. Ние прво немаме доволно производство во Македонија. Еве да почнеме, тука се зборуваше за шеќерот. Незнам дали задоволуваме и 30% од потребите на Македонија со шеќер. Ама ќе речете утре нема да задоволуваме ни 20% ако не развивавме производство на шеќерна репа. Да, сега треба практиката и науката да ни покажат дали ние имаме услови да развиваме производство на шеќерна репа и да произведуваме доволно шеќер во

Македонија за да ги задоволиме потребите и на граѓаните и на преработувачката индустрија. Ако ние немаме такви услови иако такви услови не можеме да обезбедиме во догледно време, било каква заштита не ги решава проблемите ни на фабриката ниту на производителот, затоа што тие проблеми сега ќе се пренесат во потрошувачката и во репродукцијата. За колку што ние ќе ги зголемиме цените, заштитните, за толку ќе се зголемат цените на шеќерот. Јас сега случајно зборувам за шеќерот а тоа се однесува и за зејтинот и се друго. Меѓутоа решението е низ една голема продукција на производство на шеќерна репа или на производи од кои што се добива шеќер. Како тоа се решава, е познато во светот, преку инвестиции. И најпазарните економии во себе содржат плански елементи на развој. според тоа ние само можеме сега понатаму да се заплеткаме и да дојдеме во сукоб со меѓународниот монетарен фонд кој не признава протекционистички мерки, да дојдеме во одредени проблеми со царинската унија и со сите други асоцијации кои настојуваат да се одвиваат слободни економски односи без протекционистички мерки. И ваквите мерки се од многу краток дах. Таквите мерки никогаш не дали ефекти во светот. Според тоа ние треба да бидеме многу внимателни со воведувањето на вакви мерки затоа што тие меѓу другото, може да не доведат и во значително техничко - технолошко заостанување. Ние така ќе ја изгубиме битката во натпреварот кога би имале неколку фабрики за шеќер а тие фабрики, вие добро знаете во светот во големите земји, а ние сме мал пазар, а во поголемите земји дури и државата формира комисии за разбивање на монополите. Ние не можеме така да зборуваме за едни такви односи какви што се во Америка и Западна Европа. Меѓутоа можеме да зборуваме за нашиот микро-план да можеме со вакви мерки да правиме и одредена монополизација. Тоа што некои рекоа дека се увезува евтина стока од оваа област, тоа може да се случи и тоа се случува во светот, затоа постои државата која што со антидампишки мерки треба да го

III/3.-

штити своето производство. Ако доаѓаат дампинг цени тогаш државата треба да има механизми веднаш да го спречува тоа. Што се донесува до квалитет постојат стандарди, пропишани и јасни чисти иако некој отстапува од тие стандарди, затоа имаме инспекции и служби, тие тоа треба да го спречат. Не сум јас, немојте да мислите дека мене како организација ме погаѓа тоа што ние ќе одиме на протекционистички мерки, туку го мислам тоа дека не му користи на никого. И ние кога донесуваме вакви одлуки мораме многу мудро, многу студиозно да ги гледаме од повеќе аспекти. А решенијата се и инвестиции, поголемо производство, поевтино производство, попродуктивно производство. Тука се ефектите и тука се решенијата. Да одиме со протекционистички мерки ќе ни се создадат многу последици. Затоа мислам дека тука малку се разликуваме. Затоа сме тука и различно да мислиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа, ценето претседателство јас потполно со некои размислување на претходниот дискутант се согласувам од една проста причина поради тоа што овој закон од една страна мириса на закон на социјализмот а друга страна не мора да знаеме колкаво е нашето производство, и покрај тоа што се фалиме дека имаме големо производство во земјоделството. За мене овде дилемата е во едно во членот 2 во Предлог законот. Убаво е напишано но во последната клаузула каде е кажано "посебната давачка од став 1 на овој член ја определува Владата на Република Македонија најмалку еднаш на три месеци, а по потреба и месечно". Како што сме и како Влада и како парламент незнам дали амблитудата на еластичност на нашата Влада ќе може ова да го следи, затоа што е специфично, од другата страна не сакам да го потенцирам тоа што претходниот господин го дискутираше.

III/4.-

Второ не можам да се согласам со некои одделни дискутанти затоа што овде ми предлагаат аутахтична економија и со разни, разни санкции. Овде не се зборува ниту за инспекциска служба, овде не се зборува за други санкциони мерки, туку за производство, земјоделско производство, каде државата ја гарантира цената. Каква ќе биде судбината на овој закон во секојдневието, многу ќе зависи од рентабилноста на нашето производство.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Ванчо Младенов:

**ВАНЧО МЛАДНЕОВ:**

Се извинувам што по втор пат се јавувам, меѓутоа морам да кажам дека бев на некој начин провоциран од дискусијата на колегата Иванов, кој што со внимание го следев и заклучив дека сепак и тој беше во својата дискусија контрадикторен. Затоа не можев во целост да го разберам а рече и беше конкретен во почетокот дека не се согласува со нас, неколку мина дискутанти кои дадовме целосна поддршка за донесување на овој закон. Сакав да го потсетам веројатно, тој размислува за некои други производи, за некоја друга област, овде се зборува конкретно за земјоделските прехранбени производи. Го познавам колегата Иванов дека е стопанственик од висок ранг во нашата држава па би му поставил прашање дали е оправдано во било која држава да се увезува суровина или готов производ, а притоа за таа иста суровина доколку државата има сопствени капацитети со кои може да ги задоволи сопствените потреби, а има недостиг на суровина. Тоа се однесува да речеме, еве вие го зедовте примерот за шеќерот. Република Македонија нема доволно шеќерна репа, а моментално немаме ни капацитет зашто го покри- ва само битолската шеќерана. Меѓутоа јас ќе кажам за другата област, мелничката индустрија, со полн капацитет кога би имала работа исто така не би можела да произведе толку шеќер колку и е потребна на Републиката. Значи, овде имаме недостиг и на производствени капацитети.

III/5.-

Меѓутоа во мелничката индустрија како што реков во почетокот на дискусијата и при сегашни услови ан отворање на поголем број приватни мелници, дали сега е оправдано нашата држава да увезува брашно што е и три пати поскапо на светскиот пазар отколку да увезува пченица за да може да ги задоволи потребите на новите и на постојните мелници што имаат капацитет за да ги покријат потребите на нашата држава без да се увезува производ што е три пати поскап на светскиот пазар за што треба државата да вложува три пати повеќе девизи и одреден труд да не биде користен и вложен во нашите капацитети, во нашата држава со нашите посебни капацитети, со нашите работни луѓе кои секој месец редовно плаќаат придонеси на државата и за здравството и за образовани- ето, а ќе увезуваат одредени субјекти, поединци, кои во секој случај, слободно ќе кажам не така сигурно ќе ги избегнуваат и одредените давачки спрема државата за да можат да имаат поголема сопствена заработувачка. Дали треба ние како парламент да донесеме таков закон со кој ќе ги заштитуваме токму тие а не ги заштитуваме нашите постојни капацитети и оние кои на некој начин го држат ова општество и оваа држава, со своите редовни плаќање на придонеси даноци итн., во таа смисла мислам дека токму овој закон а вие сами рековте и најголемите пазарни економии имаат закони со кои ја штитат својата економија ова не е заради стварање на монополисти, најмалку со тоа бидејќи овде се работи главно за производи во кои државата ги одредува цените. Не се производители ниту шеќераната ја одредува цената на шеќерот ниту мелничката индустрија ја одредува цената на брашното, и лебот ниту фабриката за зејтин во Велес ја одредува цената на зејтинот итн. Тоа се производи на висина во кои нашата дражва, според билансите се дефицитарни и за кои производи нашата држава има производствени капацитети изградени во таа дражва во кои доколку се дозволи неконтролиран увоз на тие производи, тие капацитети ќе бидат запустени, застарени и утре друг ден кога не ќе бидеме во состојба

да увеземе такви производи тие капацитети не ќе можеме да ги користиме, а ќе бидат потребни на државата. Од тие причини мислам дека треба да се даде поддршка, и побрзо да се донесе токму од таа причина да бидат заштитени тие капацитети што нашата држава со тешки маки ги градела и ги оспособила да можат да бидат во функција на народот. Мислам дека тука беше разидувањето со колегата Иванов и доколку тоа вака се разјасни поддршка за донесување на овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Како прво потполно мислам на земјоделски производи и зборував за земјоделски производи, па според тоа не мислев на индустриски производи и на туризам. Мислам дека тука нема дилеми.

Второ, сега малку некој е контрадикторен меѓу нас двајцата. Ако е така дека брашното е 3 пати поскапо од пченицата, тогаш навистина е луд тој што увезува брашно а не увезува пченица да ја преработи барем два пати. Според тоа нешто не е во ред во математиките.

И трета работа ако ние ги штитиме интереси, јас сум за тоа да ги штитиме али ние тогаш треба да штитиме целокупни капацитети и тогаш доаѓаат сите оние последици за кои зборуваме. Во тој случај ние треба да ја заштитиме и Железарницата и Топилницата, да го заштитиме и Југохром како и Хемиската индустрија. Тогаш каде ни е крајот.

III/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господас пратеници, јас се извинувам што повторно се јавувам, само пак неколку реченици околу оваа работа. Од дискусијата произлезе дека треба да се види дали имало услови и дали може да ги задоволи. Ако во Пелагонија не постојат услови за производство на репа, јас незнам каде на друго место постојат. Во Пелагонија постојат услови да се задоволуваат не 100% со шеќер Републиката, туку постојат услови и за извоз на шеќерот. Причината е што има и добри површини и поднебје и се што треба. Работата е во тоа што е конкурирана со она оф надвор. Добро е што велиме монопол. Но со наглото рушење не е в ред. Јас сум за отстранување на монополот али не преку ноќ со затворање на фабриката и дали со тоа ќе го рушиме монополот за да остане еден монополџија а да затвориме 5 или 6 илјади луѓе заради пробивање на тој пазар. Колкава е сега користа од тој проблем монопол а колкава ќе биде користа од запазување на сите тие работи, односно задржување на тие луѓе таму. Тоа треба да оди постепено. Јас разбирам за сузбивање на монопол, сум фаза приватизација, за пазар, но колку проценти се ослободуваме толку проценти треба да одиме и со контрола на сите овие работи што се досега приватизирани и пред малку јас не сакав да спомнам нигде инспекцијата ја нема извршено контролата ни на приватизацијата ни на увозите, ни на платен данок, ни на ништо. Изгледа овде онаа кобила што е фатена таа ќе врши и плаќаат само оние општествени фабрики данок на промет и тие се само што се контролираат, а оние другите не се контролираат и никаде не е пријавен увозот како и извозот а и другото, почнувајќи од нафтата и со другите,

ако сакате и ќе набележиме со цигарите, со шлепери увезени. Зар тоа е пробивање на монополот. Ако треба сите да крадеме, значи тоа вие го сметаме за пробивање на монополот. Овдека треба да се знае дека ова е земјоделие, а не е фудбалска мафија. Овде е производство и за да се создадат услови овде се потребни други работи а не демагогии и продавање од монополот. Затоа треба да има додека го скршиме гој јарем на пробива&е и ние како за 10 години извршиме приватизација постепено многу сме направиле, а не преку ноќ да мине кај еден или двајца, а другите да ги истераме на улица. Дали ќе имало услови, дали ќе бил поевтин шеќерот, поевтин шеќер но треба да создадеме таков стандард на фабриката, колкав капацитет е тој што ќе се затвори, каде ќе одат тие работници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Драги Арсов.

IV/1.- ОМ/ЛП

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, исто така и јас не би го поддржал овој закон и во оваа прилика сакам да укажам на некои работи, да дадам некои забелешки и некои мои констатации во таа смисла во која зборуваше и господинот Љубисав Иванов. Еве од кои причини?

Ние не треба овде да ги прикриваме целите на овој закон. Тие се очигледни. Владата овде едноставно сака со мотивирањето на овој закон односно со изговорот дека заради заштита на домашното производство на земјоделски и прехранбени производи сака преку тие посебни давачки да обезбеди средства за буџетот, за кој недостасуваат средства и наместо тие средства да се бараат преку зголемено производство на друг начин, преку инвестирање во производството итн., тоа Владата не го прави и наоѓа најлесен начин, ајде, ќе ги зголемиме посебните давачки, а со тоа иако постојат високи царини, па на тој начин еве како ние можеме да обезбедиме средства за буџетот. Јас не би го прифатил таквото решение и затоа треба сериозно да размислиме каков закон Владата нуди и дали ние треба да го прифатиме.

Во прилог на ова ќе кажам дека и најголема штета што може да се направи во ова време, кога една земја се обидува да воспостави пазарен начин на стопанисување, да се донесат мерки кои дозволуваат слободно и директно да се формираат цените на пазарот, во такви услови ние овозможуваме токму со ова законско решение Владата да се меша во таквата слобода на пазарот односно во определувањето на основните параметри што го стопираат и ограничуваат слободниот пазар. Практика е во сите демократски земји, па и во оние земји кои веќе ги напуштија

досегашните начини на работење, односно што го напуштија планското производство и планскиот начин на стопанисување, сега ние повторно да се залагаме тие да се повратат навистина е нерационално. ние изгледа само декларативно сакаме да ја спроведуваме таа практика на слободно стопанство. меѓутоа, во практиката се случува нешто друго, ние не ја прифаќаме слободата на делувањето на механизмот на цените. Ние не дозволуваме на пазарот цените да се регулираат по пат на понуда и побарувачка.

Што нуди во конкретниот случај Владата? Не го нуди тоа што е логика на слободниот пазар туку го нуди спротивното. Налага пропишување на посебни давачки при увозот на прехранбени производи, кои претставуваат разлика меѓу увозната цена и зголемување на износот на царините и другите увозни давачки и просечната цена на домашниот пазар. Тоа е во членот два. Исто така Владата наводно сака да обезбеди стабилност на пазарот со тие механизми. Јас се сомневам дека таа ќе овозможи со таквите механизми тоа да го обезбеди.

Јас мислам дека на секого му е јасно дека висината на тие давачки ќе се определува така како што се нуди овде според законот, со негативни ефекти, ќе се обезбеди една единствена цена за одредени видови прехранбени производи на целата територија на Републиката, според цените на домашните производи, а таа цена знаеме дека ќе биде нереална и превисока и сето тоа значи повторно враќање на административното определување на цените и елиминирање на слободните цени на пазарот односно на цената што се формира на пазарот. Тоа значи дека со овој закон ние повторно се враќаме на оние модели што одамна се напуштени, оние модели од типот што беа применувани во Советскиот сојуз, Романија, Бугарија и други земји, каде

претходно плански се определуваа цените и тоа, сите добро знаеме, со втиснување на цената уште при напуштањето на фабриката. Знаеме какви резултати се постигнаа со таквиот начин на определување на цените.

Од аспект на приватниот сектор сакам да посочам дека ваквите давачки што се определуваат од страна на Владата ќе бидат погубни за приватниот сектор. Поголемиот дел од профитот што тие треба да го остварат, мислам на приватниот сектор, како разлика меѓу набавната и продажната цена, ќе им ги земе државата, тоа ќе им го земе државата. На тој начин, мислам на приватниот сектор, на трговијата која единствено заживеа и која претставува единствена моторна сила на стопанските и економските процеси во нашата Република ќе биде задушен и демотивиран за натамошно работење како последица на тоа што ќе се појави помала понуда заради тие зголемени давачки, цените сигурно ќе растат,а да не зборуваме дека тоа ќе се одрази негативно на производите. Тоа е всушност логичната последица на ваквите решенија што се нудат. Јас овде навистина најискрено се сомневам дека досегашните приватни бизнисмени ќе се осмелат со примената на овој закон и со овие решенија да се одлучат да финансираат, да речеме, во шлепер со прехранбени производи кој ќе чини околу 30 или 50 илјади марки за да увезе стока при едни вакви високи зафати односно при ваквите давачки што треба да ги плати, без да ја види својата мотивираност за остварување на профит.

Јас сакам да укажам уште на еден момент овде во Предлог законот односно во законот за донесување на Закон за увоз на земјоделски прехранбени производи Владата повторно се служи со една парола дека наводно к" се заштити домашното производство. Тоа е според член 1. Се прашувам на кое производство конкретно Владата мисли. Ние знаеме кои се овде во Македонија со какви производни располагаме. Еве, да

споманм само некои од нив. Ако се мисли дека треба да се заштити домашното производство односно производството на брашно, леб, печива, ние знаеме дека во Републиката постојат навистина доволно такви капацитети и според вистинската состојба не верувам дека тие се чувствуваат загрозени. Ако се мисли на фабриката за шеќер"Благој Горев " во Битола, исто така како што знаеме таа не се наоѓа во таква состојба. Ако мислиме на неколку слични такви фабрики, јас мислам дека тие не се доведени во прашање затоа што нивниот број не е во таков обем ние да бидеме принудени на таков начин, како што овде се нуди да го заштитуваме тоа домашно производство. Тоа е само реков одреден број такви капацитети, вклучувајќи ги тие што ги спомнав. Тука може да се спомнат фабриките на конзервиран зеленчук и овошје, потоа пиварниците или пак производството на вино и др. Сите тие всушност, што овде може само да се  набројат со примери кои покажуваат дека 70 до 80% се капацитети со кои располага македонската прехранбена индустрија. Меѓутоа, наспроти ваквата ситуација на ограничен број производи прехранбени капацитети, стојат безброј прехранбени производи кои не се произведуваат во  нашата Република, а сите тие производи всушност со овој закон подлежат на посебни давачки. Значи, доведени сме во ситуација голем број производи, кои не се произведуваат во нашата Република да бидат на удар и со тие посебни давачки државата да обезбеди монопол и да го спречи. Зарем ќе дозволиме во Македонија граѓаните да ги спречиме и ограничиме од низа прехранбени производи од кои има потреба и кои треба да бидат увезени во нашата Република. Мислам дека навистина не е време нашите потрошувачи да ги лишиме од таков голем број прехранбени производи со вакви непопуларни мерки штос е нудат.

IV/5.-

Од тие причини, јас не би сакал за овој закон повеќе да зборувам, затоа што не е во духот на она кон кое се стремиме, во духот на развивање и создавање на слободата на пазарот односно слободниот пазар во нашата Република, за кои што одамна зборувавме дека ќе го прифатиме и за кој што начелно сите се залагаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Петар Горѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, се јавив на говорницата во однос на Предлогот за донесување на закон за посебни давачки при увоз на земјоделски прехранбени производи само од една единствена причина: Да укажам на тоа дека сепак ние се наоѓаме при донесувањето на законот во првата фаза и денес треба да одлучиме од негово донесување.

Инаку, претходниот дискутант искажа едно свое мислење со кое јас не се согласувам во делот на потребата за донесување на законот. Сметам дека има потреба од донесување на овој закон, затоа што овој парламент беше соочен со потребата од донесување одредени мерки во отсуство на закон, во 1991 година, кога требаше да се заштитиме за увоз на одредени производи кои ги имавме пред вратите на нашата држава. Сметам дека законодава само универзални решенија со кои и овозможува на Владата оперативно да делува веднаш во делот на одреден увоз на одредени производи кои на одреден начин на нашиот пазар се продаваат под дампиншки услови. Само ќе го кажам примерот на извоз на вино во Словенија. Словенија воведе посебни давачки во висина од 100% на вината кои беа извезувани од Република Македонија во Словенија само заради тоа да го заштити пазар од дампиншките

услови на ниските цени на македонските вина и до ден денес сеуште тој проблем трае, иако веќе е донесена одлука таа давачка веќе да биде укината.

Оттука, сметам дека дискусијата, на одреден начин, треба да ја привршуваме со едно укажување дека сепак се наоѓаме во пазарни услови на стопанисување, кога сите држави и околу нас па и во Европа си градат доноси на заштита на производството и фискалниот дел не би го запоставил, кога се обезбедуваат одредени средства кои ќе бидат наменети за стимулирање на извозот, Тоа се две стимулации кои треба на одреден начин да ги негуваме, а низ една осмислена политика која може преку законот во извршувањето на редовните обврски на Владата на одреден начин и да се оствари. Со тоа сметам дека би требало а дадеме поддршка во делот на потребата од донесување на закон и еден заклучок Владата што поскоро да достави закон, имајќи го предвид Предлогот на закон и забелешките кои денес ги имаше на самиот текст на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Јордан Зафиров.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, она што од прилика сакав да го кажам, господинот Жоржиев мислам дека многу прецизно и децидно го кажа, меѓутоа чувствувам потреба да повторам од потребата на овој закон и неговата натамошна процедура. Нема земја во светот која не го штити домашното земјоделско производство, примарното земјоделско производство. Тоа го прави и Економската заедница со истите мерки како што е тоа регулирано и во овој закон. практично досега немавме таква законска регулатива поради што ни се случуваа разни инциденти при

увоз на земјоделските производи. Од друга страна, ако се анализира самата структура на земјоделското производство ќе се види дека ни е неопходен увоз на земјоделски производи, меѓутоа дали тоа значи дека она земјоделско производство кое е присутно во Републиката треба да го уништиме со оние цени кои се нудат од увоз? Морам да кажам во оваа прилика дека увозот на пченица на пример е најевтин. Односно една Австрија која извезува милион тони пченица на светскиот пазар, извозната субвенција е 50% од домицилната цена. сепак, овој закон што овозможи донекаде амортизирање на сите овие протекционистички дејствија кои се присутни во земјоделството, и не само во земјоделството туку и во целокупната индустрија Да не зборувам за тоа што значи заштита на земјоделското производство во високо развиените земји. Еден Јапан кој го врти земјоделското производство со 59%, Економската заедница со 47% и тоа е распоредено во зависност од различни култури односно во зависност од интересот по култури во самата економска заедница или во одделни земји. Морам да кажам дека ние сме мала зема и создавањето еден аграрен концепт сигурно е многу тежок пред се и од таа структура на земјоделското производство. Меѓутоа, мораме да сфатиме дека ние не сме Сингапур, ние сме сепак Македонија, сепак сите атрибути се присутни како на аграрна земја и во таа смисла мислам дека овој закон треба да има свое место и на денешната седница не би требало да добие некој друг тек, односно не се усвои неговото натамошно донесување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Газменд ајдарага.

V/1 СП/СЛ

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано Претседателство. Денеска расправаме околу Предлогот за донесување на закон за посебни давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи. Развивме доста широка дискусија, имаме аргументи за и против и мислам дека и едните и другите во оваа фаза се прифатливи од причина што мислам дека сакаат да придонесат овој закон да ја игра улогата за која се донесува, а тоа , по мое мислење е функцијата на развојот на земјоделието. Во никој случај не треба да се сфати дека функцијата на овој закон треба да биде функцијата за уназадување на земјоделското производство.

Познато е насекаде и во светот дека земјоделието се штити од страна на дотичната земја. Не постои земја во светот каде земјоделието не се штити. Не сакам да се сфати од страна на сите оние кои ја следат седницата дека целта на овој закон е да го уништи земјоделието, односно да бидат оштетени граѓаните. Напротив, земјоделските производители ќе имаат поголема корист доколку овој закон ја игра правата функција за која е наменет. Ако не е така јас нема да го поддржам, меѓутоа, бидејќи сметам дека предлогот е со намера да ја игра својата развојна функција истиот ќе го поддржам.

Состојбите во земјоделието денеска се такви што мораме да преземеме мерки. Верувам дека на сите односно на повеќето од нас кои се бавиме со оваа проблематика во земјоделието имаме многу тешка состојба. Ни се закануваат состојби кои ќе не вратат десетици па и повеќе години наназад ако не преземеме правовремени мерки.

Состојбите во овчарството, состојбите во говедарството, особено тоа го налагаат. Мислам дека освен ова што ние денеска треба да го прифатиме законот ќе мораме на посебна седница да побараме од Владата да ни понуди материјал, а по можност некои од нас ако е можно некоја група да понуди решенија за излез од состојбите кои се присутни. Ние знаеме каква е состојбата со цената на сирењето особено овчото сирење, а зошто ни се тие состојби? Заправо заради тоа што ни се заканувaат тешки состојби. Можно е да се случи овчарството во таканаречениот социјалистички сектор односно државниот сектор да го снема. Состојбите се такви можеби со тоа нема да имаме проблеми околу извозот на јагниња, меѓутоа, ќе имаме проблеми со исхраната. Заради тоа мислам дека предлогот е одржлив и треба да го прифатиме, а понатаму, што се однесува до тоа како ќе биде во примената, мислам дека ќе има фаза и се залага да имаме веднаш по тоа предлог на закон и во тој предлог на закон да дадеме свој придонес за подобрување на текстот на тој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Во начело треба да се поддржи законот, меѓутоа, не е прецизна висината за посебните давачки.

Прво, да се прецизира за да им е познато однапред и на увозникот и извозникот под кои услови ќе го внесе производот, а овде просечната цена ниту нам ни е позната на домашниот пазар, а камоли на увозниците од надвор. Сметам дека членот 2 треба да се прецизира. Меѓутоа, да не се оди на големи ограничувања, бидејќи имаме ограничувања и по количина кои може да ги донесе Владата а исто така и со нови давачки.

Сметам дека треба ова да се прецизира, бидејќи Владата не е овластена да воведува нови давачки, туку Собранието на РМ. Имавме уставен спор во таа смисла и сметам дека треба да се преработи што се смета под посебни давачки и на надворешниот партнер и на домашниот.

Уште една прецизност точно да се прецизира кои производи ќе се штитат од оние од кои имаме потреба. Овде обопштено дадено и сметам дека со прецизирање треба да се прифати предлогот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕН0В:**

Бидејќи седницата е отворена за јавноста, јас морам да интервенирам со една интервенција, дискусијата на Драги Арсов воопшто не кореспондира со текстот на законот и ми се чини навистина коле- гата Драги веројатно воопшто го нема прочитано законот така што дискусијата му беше надвор од содржината на законот и од таа причина, а бидејќи се пренесува оваа седница, би сакал на некој начин да ги заштитам нашите граѓани дека навистина дискусијата на колегата Драги не кореспондира со законот и неговите забелешки не беа на место.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Навистина ми е жал што г-динот Младенов овде без аргументи наведува некои работи, меѓутоа, кога веќе дискутираме ние треба да се служиме со тие аргументи затоа што и левата коалиција постојано се повикуваше на таквата аргументација. Јас не можам да прифатам такви начелни дискусии овде што веќе ги слушнавме од неколку дискутанти по ред дека и во Јапонија и во некои други земји се штити земјоделското

стопанство. Начелно можеме да го прифатиме и од тие причини, ако сакаме да бидеме попрецизни каква што е практиката и во тие странски земји, од тие причини предлагам во насловот на овој закон покрај зборот "земјоделски производи" да додадеме кои производи се произведуваат во Македонија. На тој начин начелно можам да го прифатам овој закон и начелно можеме да дискутираме. Ако навистина овде стриктно кажеме дека со Предлогот за донесување на овој закон за посебни давачки при увоз на земјоделски производи, меѓутоа, кои се произведуваат во Македонија. На тој начин можам да ги оправдам намерите што ги има Владата со овој закон, меѓутоа, без да се назначи навистина овој закон дава голем простор за шпекулации, затоа што оние земјоделски производи кои не се произведуваат во Македонија, а ние знаеме дека е огромен број на таквите производи и тие производи да ги сведеме под тие нормативи и на нив да се одредуваат посебни давачки, намерите се јасни. Тоа значи да прифатиме административен начин на одредување на цените. Тоа е едното.

Друго, да најдеме начин и тоа најлесен начин да се собираат средства по пат на глоби од приватниот сектор за да се полнат касите и да се обезбедуваат средства за Републичкиот буџет.

Јас би сакал, ако веќе дискутираме за овој закон, да дискутираме со прецизирање на работите и со прецизирање на целите.

Инаку се согласувам дека ние во однос на прехранбените производи и во однос на заштитата на домашното производство, пред с€, овде ги имам предвид производните капацитети тука пред се' се мисли на фабриката Благој Горев во Титов Веле, на Шеќераната, па не е проблемот во производните капацитети како тука јасно и гласно се кажа, проблем е во суровините. Тоа е сосема јасно, значи ние, пред се, треба

да создадеме механизам да се зголеми производството, да се зголемат суровините и само на тој начин ќе можеме да пристапиме кон решавањето на овој проблем.

Да го спомнеме случајот со конзервата индустрија, ние, поради недостиг на суровини конзервната индустрија во Македонија не е во состојба да одговори на побарувањата од странство. Целокупното производство од конзервната индустрија можеме да го пласираме во секое време, меѓутоа, токму поради недостиг на суровини ние не можеме да ја обезбедиме побарувачката што постои надвор од нашата земја.

Таков е случајот и со другите производи, значи, не е проблемот во заштитата на производните капацитети, туку проблемот е сврзан со суровините. Затоа, не сфатливо е да штитиме едно такво производство, јас пак ќе го спомнам и тој момент, овде при услови на евтина работна рака да не можеме да конкурираме на она производство во странство кое е далеку не само по технологијата, туку тоа, во однос на нашето производство се наоѓа во понеповолна ситуација затоа што треба да ги надомести патните трошоци додека дојде, а исто така со високите царини кои ги одредува нашата Република и покрај таквите давачки е во ситуација да ни конкурира на нашето домашно производство кое ги нема ниту тие давачки, ниту таквите трошоци кои ги покрива странското производство. Значи, проблемот не е во тоа, туку проблемот е во начинот на производството, а проблемот е што ние треба да се преструјуваме и да ги менуваме досегашните односи во производството. Треба ние да се менуваме на друг начин со прифаќање на современата технологија и современите процеси по пат на пазарното стопанство и на конкуренцијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што !се ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров и забелешките, предлозите и сугестиите од расправата што се водеше по овој Предлог за донесување на закон.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и забелешките на пратеникот Тодор Петров и сугестиите и предлозите поднесени на расправата, да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за стопанство.

Пред да гласаме молам, да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Молам, да се утврди точниот број на присутните пратеници.

Во салата присуствуваат 63 пратеници, што значи имаме кворум за работа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(59)

Педесет и девет пратеници гласаа "за".

Дали е некој против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(4)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 24** - Информација за актуелните состојби во развојот на спортот во Републиката.

Информацијата, мислењето на Владата и дописот на Комисијата за образование, наука и култура ви се поделени.

Комисијата за образование, наука и култура му предлага на Собранието расправата по оваа Информација да се одложи за наредната седница на Собранието откако Владата на Република Македонија ќе подготви сеопфатна информација од оваа област.

Молам, министерот за образование и физичка култура е присутен.

Има збор г-динот Ханџиски, претседател на Комисијата за образование, наука и култура.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани пратеници, како што е кажано во воведот на самата информација Сојузот за физичка култура на РМ подолго време се обидува да го сврти вниманието на целокупната македонска јавност посебно на највисоките органи на РМ кон сложените и нај- актуелни состојби во спортот, односно во физичката култура во Република Македонија.

Најверојатно почитувајќи ги тие заложби на популарната СОФКА и најверојатно делејќи ги грижите за сложените состојби во физичката култура, а и почитувајќи заклучоците на првиот собир на спортистите, поголема група на пратеници од нашиот Парламент подготвија една

информација за актуелните состојби во физичката култура која е потпишана од сите координатори на пратеничките групи и од некои независни пратеници.

Подготвувајќи се за воведување на точката на дневниот ред, Комисијата за образование, наука и култура одржа расправа по информацијата при што инсистиравме пред расправата да се добие мислење од Владата на РМ, како што секогаш постапуваме деловнички. Меѓутоа, во мислењето на Владата беше укажано на тоа дека ресорниот орган Министерството за образование и физичка култура интензивно работи на еден материјал кој е именуван со Анализа за актуелните состојби во спортот во Македонија со неколку посочени излезни решенија и дека очекува тој материјал да биде готов до 1 октомври оваа година и затоа моли Комисијата да не му предлага на Собранието да се уврсти таа Информација како точка на дневен ред пред седниците од 1 октомври оваа година. На 2 9 септември бевме информирани дека ресорното Министерство ја подготвило таа Анализа со потребните излезни решенија. Затоа испративме во името на Собранието преку претседателот на Собранието нов допис до Владата со кој ја обврзавме Владата на некој начин да ја помине Информацијата низ Владата и да ја достави до Собранието заради тоа што Комисијата одлучи информацијата од пратениците, потпишана од координаторите заедно со нивната анализа да се гледа на првата седница на Собранието во октомври. Затоа точката беше уврстена на 66-та седница.

VI/1.-CJ/ЉР

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** /продолжение/

Меѓутоа, од 30 септември па до денеска нешто заради отсуството на претседателот на соодветната комисија во Владата, анализа- та од ресорното министерство не е помината на Владата и не е официјално доставено до Собранието. Со оглед на тоа, што е влезена точката на дневен ред, јас би инсистирал точката да се стави како последна на дневен ред на оваа седница затоа што дневниот ред ќе го исцрпиме индата недела, Владата се обврза во понеделникот да ја разгледа Анализата и во вторник да ја достави така да за нашата наредна сесија од 66-та седница идната недела ќе ги имаме двата материјала заедно и ќе може да дадеме поконкретен допринос кон проблемите кои се нанесени и анализирани на некој начин во нашите ингеренции. Затоа ви предлагам да ја симнеме точката на крајот од дневниот ред и да работиме по неа идната недела.

Благодарам на вниманието.

Не може да се симне, само може ако прифатите да се промени нејзиниот ред да дојде како последна точка од 66-та седница и да ја гледаме индата недела.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господо, јас ја поздравувам Одлуката на Собранието да биде ставена на дневен ред оваа Информација, односно барање на СОФКА на Македонија да се расправа за следните проблеми во спортот.

Ценам дека Информацијата што ви е доставена, дистрибуирана до нас како пратеници од СОФКА на РМ претставуваше една добра појдовна основа за расправа за спортот, се разбира и Информацијата на Владата и ресорното министерство е во интерес на дискусијата, но со оглед на тоа што секогаш кога се доаѓаше да се расправа за спорот, овде

во Парламентот за одредени работи, на одреден начин се појавуваа нечии амбиции од раководството од Парламентот или од Владата сите тие работи да се прескокнат, се изманипулираат за што има неколку примери, примерот за манипулација за Парламентот од претседателот при гласа- к>ето за посебно министерство за спорот, тоа беше уште минатата година април месец, понатаму Владата на РМ и нејзините комисии кои што веќе систематски ако не се лажам повеќе од година дена избегаваат подготвениот предлог закон за спорт да помина низ комисиите на Владата. Затоа јас не би можел во потполност да се сложам со излагањето на претседателот на Комисијата за образование и физичка култура г-динот Ханџиски бидејќи се плашам дека повторно ќе дојдат изманипулирани спортистите во РМ доколку се усвои неговиот предлог и точка биде ставена како последна точка на дневен ред од причини што постојат 5 или 6 незавршени седници и никој не може да гарантира дека и оваа собраниска седница 66-та ќе са заврши некогаш.

Затоа, мојот предлог е, или денеска да се дискутира за состојбите и проблемите во спортот или доколку во меѓувреме претседателот закаже нова 68-ма седница таа да биде ставена како прва на дневен ред,. бидејќи ценам дека оваа седница може да се случи да ја доживее седницата на 41-та на 51-та, 53-та и да не набројувам уште кои не сеници што не се довршени.

Доколку претседавачот го усвои мојот предлог, јас ќе го преформулирам уште еднаш, значи барам или денеска да расправаме за состојбите и проблемите во спорот или на првата наредна седница што ќе биде закажана, тоа ќе биде 68-та.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ние не отвораме расправа по точката од дневниот ред, имаме предлог од претседателот на Комисијата за образование, наука и култура Имаме предлог и од Комисијата што јас го изнесов претходно и ќе гласаме по барањето, да прецизираме.

Дали се слагаме оваа точка од дневниот ред да остане последна точка на оваа седница? Тоа денеска дали ќе биде, веројатно денес не може, но може да биде наредната недела продолжение н а оваа седница, да бидеа последна точка. (реакција на пратеникот Пановски од место) Ние мислиме дека денеска ќе завршиме со седницата или пак втората алтернатива. (реакција на некои пратеници од место) тоа е само предлагачите на Информацијата да ја повлечат Информацијата од оваа седница за да може да бидеа на наредната седница.

Јас го ставам предлогот на гласање.

Г-динот Крстевски бара процедурално.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Деловникот е пообемен од точката на дневниот ред и јас мислам во рамките на Деловникот барам по повод овие предлози на оваа точка, барам да се симне, предлагам, се извинувам, што се наметнувам да се симне од дневен ред бидејќи оној што треба да ја подготви точкава не е спремен. Меѓутоа, секое одолговлечвување, поместување тоа с е само одолговлечуваме, нејасност и неефикасност во работата.

Инаку, и претходниве двајца дискутанти не се во право. Првиот во смисла на Информацијата не е готова, меѓутоа Михаил Пановски вели проблемите, не се на дневен ред проблемите од спортот, во спортот има и значајни резултати, меѓународно признавање. Овде стои информација која што не е готова, да не се одолговлечува и целокупната на седницата

да се симне од дневен ред кога ќе се изработи соодветна информација да бидеме запознаени, а дали ќе има проблеми кои нема ние ќе утврдиме со изработената информација.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници донекаде би се согласил со предлогот на претседателот на Комисијата за образование, наука и спорт, но истовремено бидејќи во своето излагање даде некој предлог за наредната седница ќе се дискутирало за анализа и состојте во спортот, јас овде би се спротивставил поради тоа што сметам дека ова Собрание веќе долго време се занимава со некои анализи и информации а честопати и вчерашната седница и претходната настапуваме со вакви предлози околу така наречените креативни и некреативни седници на -Собранието и овде би ја ставил и оваа точка на дневен ред како точка на дневен ред, би го прифатил предлогот на претседателот на комисијата, но би ја зајакнал со, да се отфрли анализата за состојбите во спортот, да не се вратиме на минатото, да гледаме за развивање на спортот што ќе настанат во иднина. т.е. сам,о така би ја подобриле состојбата во спортот ако си ја одигра ова Собрание улогата што е дадена т.е. да инсистираме од соодветното министерство и до Владата да ни понуди закон за спортот и тогаш ќе дискутираме и за состојбите во спортот.

Значи, во прв план треба да дојде Законот за спортот и општо земено не се сложувам, сигурно некој сака тука да му наметне еден политички и така наречен партиски и во спорот. Тоа што го доживеавме во сите делови во другите состојби така е и во спортот. Без да се донесе законот за спортот не значи никаква расправа, ни информација, ни анализа за претходните состојби. Имаме многу поважни состојби веројатно не е тој спортот, што сакам да го негирам сега да не е важен, но од нас се бара да се донесе, уште еднаш ќе потврдам, Закон за спортот.

VI/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Сметам дека ова не беше процедурална забелешка.

Ве молам, имаме предлог на претседателот на Комисијата за образование, наука и култура., точката од дневниот ред да остане последна точка, да се одложи од денешната расправа, да стане последна точка од оваа седница со тоа што ќе добивме нова информација подготвена од соодветните ресори и Владата на РМ. Дали продолжението на таа седница ќе биде во вторник, понеделник, среда тоа е прашање наше.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот за оваа Информација да се расправа по продолжението на оваа седница. За овој предлог гласаа 50 пратеници.

Продолжуваме со работа.

<u>**Точка 25**</u> - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот на радиодифизијата, со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот, извештаите на Комисијата за општествено - политички систем и ЗПК како и мислењето на владата ви се доставени, односно поделени.

Комисијата за општествено политички систем оценува дека нема потреба од донесување на овој закон бидејќи со него не се обезбедува целосно усогласување на законската регулатива со Уставот на РМ.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Томислав Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ.**

Дами и господа, јас сум предлагач за донесување на овој закон и во својот воведен говор и ќе се обидам да ве уверам дека има потреба

од негово донесување. Овој закон чии измени и дополнување е донесен на 24 април 1974 година објавен во Службен весник во Република Македонија на ден 29 април 1974 година, бројот е 20. Од донесувањето на истиот до денес тој не претрпел никаква измена, ни дополнување, се применува онака како што е донесен. Негова примена има само од една страна т.е. од македонското радио и МРТ. Од оваа гледна точка сакам да кажам дека сум за тоа да законите што се донесуваат и траат повеќе, со тоа се докажува н се утврдува една навика кај граѓаните како да се однесуваат. Меѓутоа, од донесувањето на овој закон па до денеска се случија многу други н ешта кои говорат дека мора да се вршат измени на овој закон. А , тоа е што на ден 17.11.1991 година се донесе Уставот на Република Македонија со кој устав се промени ја и начинот на уредување, каква ќе биде државната власт и пристапувањето кон пазарната економија.

Со Уставот во член 16 се предвидува и слободно основање на институции за јавно информирање која одредба дава можност секој граѓанин или правно лице да формира вакви установи.

Што станува? Се даваат дозволи за формирање на приватни радио телевизиски станици. Тие работат на систем на пазарот, додека РТВ продолжува да врши наплата на граѓаните без разлика дали тие ја гледаат програмата, дали ја користат или не ја користат, туку по основ на имања на рацио или ТВ Приемник. Значи се врзува за постоење на објект а на на субјект.

Во член 33 од Уставот понатаму се утврдува кој може граѓанинот да му создадеа обврска без договор. Тука сите граѓани се должни да плаќаат даноци и други јавни давачки.

По член 55 од Уставот се говори за еднаквост за сите субјекти на пазарот и гаранција на државата дека ќе се бори против монополизмот.

VI/7.-

Ако е тоа така, во што ќе ни биде Уставот оживотворен ако овој закон не се промени. Значи имаме кој може да пропишува давачки, кој може да си наплатува, слободно секој да формира радио и ТВ Станица, ќе може да биде и како да се третира на пазарот, овде вие создаваме еден монопол. Монополот се состои во тоа што само овластувањата порано со Законот на РТВ Скопје да ја прибира претплатата, сега тоа се пренесува на МРТВ, што значи место да одиме во заштита на Уставот ние Уставот дерогираме со продолжување на ваков начин на создавање обврски на граѓаните од оној кој нема договор со корисникот.

Дами и господо зашто ова го кажувам? Затоа што реков во Законот по основ за наплатување на Радио и ТВ претплата е постоење на рацио и ТВ Приемник. Сега дали сопственикот на тој апарат ја следи програмата на овие две институции или не е должен да плака. Ако не ги користи по кој основ сега ќе дојде да му наплатат, кога имаме пазарно стопанство . Ни на овој начин создаваме таканаречен еден вид на паразит, да кажам, тоа е тежок збор, меѓутоа не заработени пари или во народот вообичаен збор готован. За оваа работа да не би некој наплакал за она што не дава и некој што не му го користи уставно е овој закон да претрпи одредени измени шго ги предлагам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Понатаму, сакам да укажам уште на една работа:

Овие две куќи радиото и телевизијата даваат свои емисии и поддржуваат одредени политички групации. Штом ги поддржуваат тие политички групации, стануваат нивни пропагатори, меѓутоа, се плаќани од другите кои не се во таа политичка групација. Јас не можам да најдам и да видам некаде кога некој ќе си го индексира својот непријател. Ќе имавме смисла ако радиото и телевизијата во своите канали или програми имаат обезбедување за политичките партии не само со она во третите вести што доаѓаат некогаш и после полноќ како соопштенија, да се прочитаат во еден дах, со една или две минути  со тоа да се смета дека се задоволени сите политички групации на кои им припаѓаат имателите на овие радио и ТВ приемници. Што значи, оној кој ништо не направил за некого сака да му земе пари. На пазарот е познато, стоката и парите имаат сооднос. Овде услугата е ја прават општа, меѓутоа, со определена политичка конотација.

Уставот гарантирајќи еднаквост на сите налага во рок од 6 месеци или една година сите оние закони што не се во согласност со Уставот да се усогласат со него. Не можеме ние овде да допуштиме генерално сите закони кои се во спротивност со Уставот да си останат како што биле и така да си останат, па на некого арно, на некого лошо, некои има потреба, друг нема потреба и така тоа да оди во недоглед. Не мали се сега реакциите на корисниците односно имателите на ТВ и радио апаратите. Се водат спорови, не еден туку е масовно, јас само можам да кажам дека во Куманово досега во вид на предлози за извршување, затоа што се работи за мала сума или со  мандатни тужби, МТВ се јавува

некаде со 12 илјади тужби. Ако тие 12 илјади луѓе сигурно нема да платат за 1 година, користејќи ја каматата доаѓа годишна претплата на еден човек кој не користел услуги од овие куќи да не му стигне и апаратот да го продаде да ја плати претплатата. Ако навистина има некој да работи за пазар, тогаш нека даваат програми и сум уверен дека сите ќе плаќаат и ќе ги гледаат и слушаат програмите на овие куќи.

Поради неуставноста на овој закон предлагам истиот да биде изменет во содржина на предлогот на законот што јас го нудам. Само за кратко ќе прочитам еден дел од законот што важи во член 36:

"Корисникот на радио-дифузниот приемник е должен да го пријави набавувањето". Контрола на пазар, контрола во интима на човекот. Ќе купам радио апарат и морам да одам да го пријавам некаде На секој одделен радиодифузен приемник и да плаќа одреден месечен надоместок за користење на РТВ - Скопје. Ако оваа одредба е добра, кога била донесена, господа, при постоење на другите телевизиски станици што се дадени по основа на Уставот, кажеме и најдете одговор зошто тие други станици не земаат дел од тој колач што се плаќа од имателот на радио и ТВ приемникот. Зошто тие не добиваат? Нели сме сите еднакви на пазарот, нели сме сите еднакви во државата. Ако сега ова е потреба на државата, нека државата плати. Јас немам против ништо. Ние ќе имаме и потреба и од ваква куќа, меѓутоа, кој како и кој ќе плаќа ќе стане збор пред ова Собрание. Во тоа е и моето настојување како неуставен дел на овој закон.

**БЛАГОЈА ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, тука се работи за тоа дали да се плаќа или да не се плаќа претплата за телевизија. Законот што е доставен од

господинот Стојановски е тоа. Дали законот од 1974 треба да се ревидира или не.

Јас сум изненаден од Комисијата за општествено политички систем. Таа во извештајот вели вака:

"Комисијата констатира дека нема потреба од донесување на закон (значи да седи од 1974 год.) за изменување на законот за радиодифузија, со оглед на тоа што со овој закон се нудат парцијални измени".

Ние законот за електростопанство ако го донесовме парцијално и ова што настана во РЕК никој не одговара. Значи можеше парцијално да се донесе законот за работни односи и Законот за електростопанство. Значи, со овој закон се нудат парцијални измени односно со нив се предлага бришење само на одредбите за користење на радиофузните приемници, а не се нудат нови решенија. Новите решенија нека мисли МРТ или Владата да донесе закон како што треба за да одговара на граѓаните. Според тоа јас сметам за овој извештај нема коментар затоа што е промашен извештај. Не е во прашање 1 или 2 града. Ние имаме едно известување од здружението за заштита на човековите права од Радовиш. Господата од Радовиш кажуваат, цитирам "и што треба да се има фактот дека не е предвидено претплатата да биде за сите корисници еднаква. Ако меѓу нив има претплатници со големи примања и енормно многу ниски примања со што се погодени многу социјални семејства, а како што дознаваме има многу корисници кој се ослободени од претплата а се со прилично високи примања." ова е во информацијата што ја имаме добиено од Радовиш потпишана од претседателот Ангел Радев.

Господа пратеници, таа структура што ја имаме во државата можеме да видиме дека имаме над 200 иљади пензионери. Дали може да

ми каже некој од Владата дали во една држава има да се издвојува за радио и ТВ претплата 10% од личниот доход, конкретно од пензијата. Ние доста имаме пензионери кои примаат по 2.000 денари, а ние претплата му земаме по 200,00 денари. Дали има држава во светот каде се задржува од пензијата 10% месечно само за ТВ претплата. Тоа сакам некој од Владата да ми го каже. Тоа е прво.

Второ, кога на пензионерите им ги покачуваме пензиите велиме 13,5%, 17,5% и т.н. Според тоа, дали некој зема 2.000,00 денари или некој зема 10.000,00 денари пензија, 12,5% зема. Овде не се прашуваат пензионерите кои земаат 2.000,00 денари пензија, дали е многу да се зголеми претплатата од 12 на 16 па на 200,00 денари, дали е тоа процентот сега 100% за едните, а за другите 1 или 2%. За тоа треба Владата да се заинтересира и на некој начин да го стабилизира.

Што се случува кај граѓаните? Граѓаните почнаа да бидат мудри. Го најдоа и своето чаре. Како? Оди и го кажува телевизискиот апарат. Доаѓа службеникот и го запечатува. Откако ќе си оди службеникот тој го отпечатува и го користи. Едно време имаше сила нивниот инспектор да влезе во куќата со сила да види дали имаш ТВ апарат. Сега ако влезе ќе настрада. Сега во оваа ситуација е опасно влегувањето без налог, дали од полиција или од некој друг незнам. Според тоа граѓаните почна веќе да ја употребуваат и оваа мерка. Според тоа, пак треба да се заинтересира Владата како да се реши статусот на МТВ.

Мое лично убедување дека не може држава да нема национална телевизија. Без национална телевизија не може. Но, не можам да се согласам со тоа една држава од 2 милиони народ да има 3 канали  и две

радио станици. Според тоа, тука е и трошокот кој настанува. Затоа сметам дека тука треба да се направи една сметка и дали на една држава од 2 милиони луѓе и е потребно да има над 2000 вработени во овие ТВ и радио станици.

Предлогот што го достави г-динот Стојановски за донесување на закон за изменување на законот за радидифузија со предлог на закон создаде едно раздвижување во колективите на радиото, а посебно во ТВ. Јас незнам од кои причини посега македонската радио телевизија не не запознаваше со се она што последните денови не запознава.

Дали македонската РТВ под сувереност над информативниот простор подразбираше и монопол на тој простор, па сметаше да не запознае и преку г-ѓата Катерина Цаневска- Арсовска. Таа посебно не запозна со маса работи кои ќе доведат до одредени последици до МРТ, а и во последно време е многу интересна затоа што ни дава совети на Парламентот, таа сметам, мое чувство е тоа, штом некој сака да оди во некоја метропола треба да го напаѓа Парламентот, поготово ВМРО-ДПМНЕ. Според тоа, сметам дека не е далеку г-ѓата Катерина Цаневска да замине некаде во некоја метропола, во однос и на ова што не информираше и последната МРТ. Конкретно дали МРТ под сувереност над информативниот простор подразбираше и монопол, тоа можам да го поткрепам со најновиот пример, последниот Макфест 1993. Интересно е тоа што МРТ на организаторот му забрани да им даде акредитација на сите приватни ТВ куќи иако знаеме дека фестивалот е под покровителство на Собранието на РМ. Сметам дека на еден начин македонската телевизија македонскиот информативен простор го има како монопол, и покрај тоа што е друго прашање на Владата дали ќе дава приватни телевизии односно одредени дозволи за формирање на

приватни телевизиски куќи. Истовремено, г-ѓата Ценевска ни кажа....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам законот е на дневен ред. За законот да дискутираме не за личности.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Истиот е. Тој е. Законот. Тоа требало затоа што МРТ се грижи за фреквенциите. Ако е јавно претпријатие, ние имаме министерство. Фреквенциите ќе ги дава Министерството не да ги дава МРТ.

Во однос на тоа дека е превисока претплатата за Македонија е неспорно. Мора да се бара некое чаре во однос на други форми на плаќање. Јас само морам да ве информирам е истиот случај кога ми кажуваше истата г-ѓа Катерина дека претплатата е единствен фактор дека 200,оо денари не е многу. Јас можам само да ве информирам, бидејќи дека таа ни рече дека во сите држави се плаќа претплата. Јас само можам да ве запознам дека само БИ БИ СИ наплаќа 30 фунти за една година, а 30 фунти за неполна недела може да се остварат, а ние од личниот доход или од пензијата на одредена категорија на луѓе земаме 10%. Според тоа сметам дека овој закон како закон треба да се прифати или дооформи од причини не само што ова известување што го имаме туку ќе добиваме и други известувања и ќе ја ставиме МРТ во многу тешка состојба.

Она што треба да се види во самиот колектив, дали на нашата држава и треба таква телевизија со толкав капацитет на луѓе, тоа е прашање што треба самата МРТ да си го утврди, а Владата треба да

води сметка дали овој надоместок е голем или мал. Според мене надоместокот е голем.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас само на кратко ќе осврнам на предлогот на законот за раднодифузија што е поднесен од господин Стојановски во својство на пратеник од 45 изборна единица кој ги застапува интересите на граѓаните од Српската националност.

Морам да искажам едно незадоволство по повод моето барање до ова Собрание поднесено уште пред 1#5 година за воведување на говорни и музички емисии на МТВ на српски јазик, со што би биле задоволени уставните права на припадниците т.е. граѓаните од српската и црногорската националност што живеат на просторите на кумановска општина и пошироко во нашата нова држава.

Овие граѓани се лојални граѓани на оваа држава, уредно ја плаќаат претплатата иако, еве, очекуваат и на нив еден ден дека ќе се мисли и дека во најскоро време ќе се воведат музички и говорни емисии на МТВ.

Незадоволен од одговорот на пратеничкото прашање со кое, како што кажав, барав воведување на радио и ТВ емисии на српски јазик на МТВ, тогаш ја поддржав иницијативата од пратеникот Пановски кој бараше на дневен ред на Републичкото Собрание да се стави информацијата за организациона поставеност и состојбите во МТВ, сметајќи дека Републичкото собрание како основач на оваа наша најголема информативна куќа е најкомпетентно да расправа по оваа проблематика.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ**: (Продолжение)

Горното го прифатив заради тоа што во мојата изборна единица и србите во кумановска општина подолго време бараат воведување дневни 30 минутни говорни и музички емисии на програмата на МТВ, македонското радио и на радио Куманово.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Митевски,не е на дневен ред уредувачката политика, туку Предлогот на законот.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Сакам да ви кажам зошто ќе се одлучам да го поддржам овој предлог на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има точка на дневен ред која ќе биде веројатно продолжение на наредната седница.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Сигурно дека ми е јасно но ќе ве молам не ме прекинувајте.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не е на дневен ред.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Самиот закон е во врска со овие барања што мојата изборна единица ги има. Јас морам да искажам дали ќе се сложам со овој закон или нена да се сложам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ќе имаме продолжение на 53-та седница и тогаш ќе расправаме.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Кога ќе има продолжение?

VIII/2

Моето барање и незадоволството што го искажуваат граѓаните од мојата изборна единица се однесува на уставните начела. Знаеме дека веќе две години како е донесен Уставот на Република Македонија каде што членовите 7, 9 и 48 зборуваат за рамноправност на сите граѓани. Накратко ќе го цитирам членот 48: Припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и национални особености. Република Македонија им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот верскиот идентитет на националностите. Според тоа, оправданоста на моето барам за воведување на емисија на српски јазик на македонската радио телевизија го потврдувам и со голема заинтересираност на Женевската конференција каде што посебно се искажани грижи за остварување на уставни права на националностите на просторите на поранешна Југославија што на последната средба со нашата Влада го искажа и господинот Аренс, а исто така и господинот Мазовјетски како специјален изасланик на Обединетите нации.

На крајот, еве нема да должам изнесувајќи ги горните аргументи верувам дека моето искажување, ова кратко искажување каде што ги цитирав уставните принципи ќе допринесе да проектниот концепт а досега имаше низа ветувања од МРТ дека во најскоро време ќе се формира редакција на српски јазик и дека и граѓаните од српска и црногорска националност ќе ги задоволат своите потреби и рамноправно ќе учествуваат во поделба на информативниот простор заедно со албанската, турската, влашката и ромската националност. Тие не бараат ниту подолго време на траење на тие емисии, ниту пократко од она што го имаат другите националности. Според тоа, мислам дека бев јасен за лојалноста на овие граѓани кои уредно ја плаќаат претплатата, меѓутоа незадоволството е големо и ако вака се продолжи ќе прекинат да ја плаќаат претплатата.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, прво, се јавувам заради една процедурална забелешка до претседавачот на седницата. Мислам дека недозволено е пратениците овде од оваа говорница да ги читаат сите извештаи кои доаѓаат овде до ова собрание. Свесни сте и сами секојдневно добиваме купишта извештаи и предлози од најразлични институции и здруженија на граѓани итн. и доколку тоа стално се чита од страна на пратениците овој Парламент не ќе може да функционира. Според тоа не е во ред да се читаат како некое мерило дали треба вака или онака да одлучуваме од некое здружение кое што прашање е дали е од типот на она "јас тате и бате".

Во вториот дел од мојава дискусија би сакал да се јавам како известител од Комисијата за општествено - политички систем, иако овој што е наведен како известител не е присутен тука, па во негово име, јас го заменувам. Би сакал некои работи да објаснам. Многу е незгодно кога работите се интерпретираат еднострано. Ќе го спомнам господинот Тошев, овој заклучок го интерпретираше крајно еднострано како што се и еднострани решенијата во Законот што е понуден.

Прво, точно е дека Комисијата не се сложи дека има потреба од донесуваше закон за изменување на Законот за радио дифузија. Меѓутоа во наредната точка Комисијата констатира дека има потреба за донесување нов закон за радио дифузија. Според тоа, став на Комисијата е дека овие измени во Законот за радиодифузија се еднострани и ништо не решаваат во суштина и дека праткички проблемот со комплетниот информативен систем во државава ќе се реши со нов закон за радиодифузија. Тоа е ставот на Комисијата и тоа е она што мислам дека треба да се залагаме. Со еднострани решенија веројатно нема да имаме никаков успех, а она што се нуди во Законот е крајно еднострано решение.

Затоа како претставник од Комисијата би му предложил овој заклучок да биде усвоен со тоа што практички само да ја прочитам третата точка од заклучокот: Комисијата му предлага на Собранието да го одбие Предлогот за донесување закон за изменување на Законот за радио- дифузијата, а да се задолжи Владата да поднесе закон за радиодифузија, Тоа е околу мојот настап овде во функција како член на Комисијата за општествено политички систем.

Би кажал и свое лично мислење во однос на Законот што се нуди.

Прво и основно што ми падна во очи кога го видов законот ми беше онаа знаете основна, со која цел се нуди Законот? И проанализирав што би се случило доколку овој закон помине во Парламентот. Моја лична проценка беше следната. Доколку овој закон заради тоа што еднострано нуди решенија помине во Парламентот она што може да се случи е следното: Да ние од прилика месец до месец ипол по донесување на овој закон немаме македонска радио телевизија. Ако тоа била целта на предлагачот веројатно со овој закон ќе ја постигне. Ќе ви кажам од кои причина. Ако една институција или организација, или било што нема средства за живеење, а овие услови со овој закон се укинуваат средствата за МРТ во услови кога не е можно да се стават на буџет, се работи за огромна сума пари, неможност брза интервенција во Буџетот. Вие знаете ние4ррот носевме во кој што нема ниедна став- ка за радио-телевизија, односно она што има е сосема малку. Според тоа, крајниот ефект од сето ова ќе биде неможност за финансирање на МРТ, од неможноста за финансирање значи дека ние за отприлика месец ипол до два ќе немаме македонска радио телевизија. Веројатно ако тоа се случи и те како некои добро барем од овие соседните земји и те како добро дошло би им дошло. Некој може и сосема поинаку да ги прифаќа

работите. Меѓутоа, немањето средства за живеење на една таква институција значи укинување.

Второто прашање дали имаме потреба од македонска радио-телевизија, од државна телевизија. Веројатно нема дилеми кај никого. Веројатно потреба постои затоа што ќе се сложите во сите држави си постои државна телевизија. Клучно е значи дека треба да имаме македонска радио телевизија и клучен момент е можеби треба да се размислува кој е најповолен начин за финансирање на неа. Имаме повеќе модели на финансирање на државните радио-телевизии. Еден од моделите е овој што е кај нас, со плаќање на претплата . Втор начин е да тие бидат директно финансирани од Буџетот на државата. Трет начин е во некои држави е со плаќањето односно со купување на приемник во самата цена на приемникот е вграден и додатокот за гледање, односно пратење на радио-телевизиска програма. Во некои држави сега гледам се воведе како на пример во Србија воведување на такса која се плаќа заедно со сметките за струја. Можеби и тоа е некое решение. Во секој случај битно е да се размисли кое е тоа решение што одговара. По мене можеби ова решение е и најприкладно. Ќе ви спомнам само еден момент. Доколку се прифати решението да биде телевизијата, односно РТВ на буџет, верувајте нејзината независност ќе биде сведена на нула. Верувајте дека во случај да тоа биде директно зависно од Буџетот вечерта ако се каже нешто против Владата, веројатно другиот ден нема да добијат никакви средства. Го имам примерот колку за ваше информирање еден така интересен момент кој што сега се случи, јас сум од подрачје кое што граничи со Грција и таму во Грција не се плаќа радио-телевизиска претплата. Државната телевизија се финансира од буџет. И она што ми падна во очи сега после изборите. Во неделата беа изборите, во понеделникот комплетно нови лица беа на телевизијата, бидејќи сум ја прател со години, од понеделникот немаше ни еден од претходните лица. Тоа од прилика говори дека ако се биде на буџет,

тогаш зависноста на таа телевизија од влијанието на власта ќе биде екстремно голема. Зависноста во овие услови кога е на систем на претплата веројатно е многу помала, бидејќи средствата директно доаѓаат на сметката на РТВ. Според тоа, моја проценка е дека сепак во такви услови би имале помалку независно новинарство, односно информативна куќа. Можеби подобро решение е да остане вака. Меѓутоа, сепак мислам дека најдобро решение е да оставиме на Владата сама да се произнесе по овој предлог, бидејќи се работи за огромни финансиски задолжувања, за огромни финансиски средства. Според тоа, доколку овој закон односно предлог за изменував»е на овој закон се прифати мое лично мислење е дека ќе се случи она што верувам никој не го сака. Ние ќе имаме ситуација за месец до два МРТ да не постои, ќе нема основни средства за егзистенција. Незнам дали е тоа добро? Меѓутоа, ако дозволиме на овие простори кои што и те како се подложни на пропаганда од страна. Не сакам да ви зборувам, незнам колку е во другите подрачја, меѓутоа јас сум во погранично подрачје јас не можам да слушам на кратки бранови Скопска втора програма. Скопска прва програма. Сето тоа е блокирано од страна на грчката пропаганда односно грчки радио станици. Програмата телевизиска исто така е со квалитет кој што малку да опадне сигналот веќе се смешуваат други станици. Ние сакале или не интензивно сме изложени на таква пропаганда и веројатно на пример би бил некој ептен среќен доколку не би постоела Македонска телевизија, па да речеме северниот дел на Македонија во кој што од прилика живее повеќе од 60% од населението да биде принудено да прати една друга телевизија која што е блиска по јазичното подрачје, а која што од прилика има и те како добро разработени механизми на пропаганда. Верувајте дебело треба да размислиме дали треба да се гласа за ова, или не. Не од аспект дека не треба промени  не од аспект дека не треба промени во Македонската

радио телевизија, меѓутоа тие две работи да не ги мешаме во овој момент. Ние може да бидеме незадоволни од уредувачката политика на МРТ, можеме да бидеме незадоволни од нејзиниот директор, заменик директор, директор на Радио, директор на прва, на втора програма. Но, ако сме незадоволни од нив дајте нив да ги менуваме, а не да ја уништуваме Македонската радио телевизија. Таа и те како е потребна на оваа држава во овој момент и те како треба за овие генерации, бидејќи да ви кажам искрено веројатно нешто не знаеме колку вреди се додека не го изгубиме. Не би сакал за некои работи да ме сфатат погрешно. Меѓутоа, ако во подрачјето во кое што живеам немаме телевизиска програма, ќе бидеме принудени да следиме една друга комшиска, грчката на пример. Па незгодно би било на пример ако моиве деца, или ваши многу подобро му легне на увото незнам "оп,оп а та бузука" отколку "абер дојде Донќе". Тоа ќе направиме катастрофи со генерациите. Според тоа дебело размислете дали тоа е правиот потег. И затоа уште еднаш веројатно Комисијата уште еднаш да спомнам, во Комисијата имаше членови од сите партии и сите партии ги поддржаа овие заклучоци на Комисијата. Па спорел тоа, уште еднаш размислете дали е во ред да се прифати овој предлог за донесување закон.

И во врска со претходниот дискутант кој што спомна дека е претставник од неговата изборна единица, зборува во името на неговата изборна единица, јас исто би можел да кажам дека не зборувам само во името на мојата изборна единица, туку во името на СДС.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Благој Товев бара реплика.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Нема да должам, само да му кажам на господинот дека изгледа не го знае Уставот. Ќе му го прочитам член 61 "Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на

законодавната власт на Републиката". Јас зборувам од името на граѓаните, а не од мое лично име. Според тоа, сметам дека оваа претплата од 200 денари е голема и тоа е притисок всушност од граѓаните.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас ова го знаев, немаше потреба да го прочитам и сум го прочитал повеќе пати и јасно мм е. Меѓутоа, заради јавноста и заради вистината макар да не сум од оние кои што мора вака да дис-утираат, морам да кажам нешто. Ова зошто пратеникот стана и го брани овој закон е само од една единствена причина. Господинот Тошев има своја приватна телевизија и нормално е неговите лични интереси се погодени. И според тоа и те како ќе ги брани овде неговите лични интереси. Јас тоа потполно го разбирам. Затоа кога зборувате во името на граѓанството секој пат имате на ум дали можеби граѓанството е некоја,да речеме секој може да стане овде, дали само тоа граѓанството што вие го прочитавте, односно тие граѓани се практички параван со кој сакате да ги закриете вашите лични интереси.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Господа, тоа е точно. Само да ви кажам дека јас немам вработено 2 илјади луѓе и не вработувам луѓе по родбински, или по некои којзнае какви квалификации. Кај мене е вработувањето само по квалитет. Ако има квалитет, ќе работи, а не и способен и неспособен да може да работи во една телевизиска куќа. Плус тоа мојата телевизија не е партиска. Истовремено да го запознам господинот дека финансирањето е на друг принцип, ако си остварат новинарите пари ќе земат плата, ако не си остварат ќе работат волонтерски. Сега тоа е прашање за 2 илјади луѓе Македонската радио телевизија  за една држава од 2 милиони луѓе

дали може да му обезбеди само со оваа претплата и затоа ние што плаќаме, а јас сум редовен претплатник. Сега тие што не плаќаат, ние мораме да плаќаме затоа што гледате секој месец претплатата е се поголема и поголема. Јас не наплаќам од граѓаните. Нема ниту право да наплаќам, а ги задоволувам граѓаните на градот Битола и околината со програма можеби многу подобра и поквалитетна, затоа што не гледаат одредени партиски карактеристики на мојата телевизија. И тоа да кажам ако си остварат новинарите пари, ќе земат плата, ако не си остварат не земаат плата, туку работат волонтерски.

IX/1/JJ/лј

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Господа пратеници јас немам приватна телевизија, меѓутоа, репликата се однесува на господинот Станковски точно е дека јас зборував во името на својата изворна база и секогаш како таков се јавував оти сметам дека пратеничката функција е токму во името на оние што не избрале. Јас немам ништо против и кажав дека Кумановчаните или оние што се од српска националност уредно плаќаат претплата. Не им е многу ни двеста денари ниту 22 0, не е тоа ЕО прашање. Штета е што не фаќаме грчка телевизија инаку драго би ми било да фаќате и Грчка телевизија и да слушаме бозуки. Идеално се фака прва и втора програма на ТВ Белград. Меѓутоа, овде се работи за партиципирање во информативниот простор врз основа на уставни начела. Знаеме зошто србите не влегоа во Уставот. тогаш имав амандман, не влегоа зошто се случи тоа знаеме. Меѓутоа редно е тој информативен простор да го делат заедно со сите други националности, со албанската, турската влашката и ромската. Мислам дека е крајно време ова Собрание што е финансиер и основач на МТВ во најскоро време, така и дискутирав да се оформи редакција на српска јазак и во најскоро време да има емисии говорни музички во траење од 30 минути толку колку што траат и емисиите на другите националности. Според тоа нема ништо лошо ако некој зборува во името на оние што го избрале.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници искрено да ви кажам би бил посебно среќен кога би бил донесен еден закон за радио Дифузија, конкретен каков што треба да е така што сметам дека јавните гласила имаат големо значење во ново настанатите услови во градењето како на политичката така и на економската демократија. На крај на краиштата во градењето на

македонската популација. Меѓутоа, за жал до појавата на овие партиски гласила кои за мене не играат големо значење затоа што физиономијата целата и средствата се знае какви се иако не играат големо значење, но ги раздвижија и онака и инертните, ја раздвижија независноста кај така наречените декларирани независни јавни гласила. Јас мислам дека мора да настанат промени во сферата на информирањето, посебно како кај радиото печатот телевизијата посебно мора да имаат промени. Овој понуден текст на законот иако не во целост, отвора простор за ново поставувам гласиалта, пред се, тој ги поставува во една економска логика за нив да важат истите законитости како што важат за другите правни субјекти. Јавните гласила мора да се постават на економска база. За нив да важат исти- те пазарни принципи како што важат за другите правни субјекти. Само така поставени тие може да ја играат улогата на гласила што ќе создадат критична јавност. Јавност која што ќе цени што е добро а што е лошо. А не да создаваме јавност во критичка состојба.

Во колку државата сака да има свои гласило како што е тоа во други земји еве и во соседна Грција како што е Елефтеротипос државно гласило, таа нека си формира свое гласило. Меѓутоа, независните јавни гласила мора да се финансираат од извори што тие ќе ги создаваат. За мене е несфатливо како се определуваат луѓето во Советот на МТВ, како се врши финансирањето, колку луѓето можат да се откажат од плаќа&ето на овој надоместок а за тоа треба да реши Уставниот суд. Мора да потсетам дека јавните гласила немаа порано економска самостојност туку економска зависност. Впрочем тоа не беше скриено за што на првата страница на весниците, во насловот пишуваше Орган на Социјалистичкиот сојуз, Орган на Сојузот на комунистите итн. Денес тоа време е минато. Минато е во поглед на текстот на името додека содржината и уредувачката политика можат јасно да се отцртаат влијанијата, да не речам нарачките на партиите на власта

Затоа за да имаме јавни гласила достојни за демократијата и достојни на зацртаните принципи во Уставот на Републиката мораме да го измениме начинот на финансирањето кај овие јавни гласила. така ќе ја утврдиме и ќе воведеме нова уредувачка политика. Јас го подржувам ова што практично е предложено во Предлогот на законот под несен од пратеникот Томе Стојановски. Со вакви‌те решенија ние точно ќе ја уредиме уредувачката политика за што денеска не многу обраќања на јавните гласила се препознатливи по својата политичка обоеност. Дури некои новинари што работат во "независните јавни гласила ќе ја кријат својата партиска припадност. Против таквата положба и проти таквото ограничување на нивниот интелектуален радиус мислам дека треба да се побунат и самите новинари. Тие не треба да бидат политичари туку новинари, во права смисла на зборот, објективни точни реални изворни, на времени, се во интерес на едно објективно информирање на јавноста.

И на крајот да ви кажам во интерес на законот мислам дека овој понуден текст треба да се прифати како таков затоа што на тој начин може донекаде да се подобри информирањето иако имаме, јас се согласувам дека имаме добар новинарски кадар дури и некои новинари се ослободуваат од она што значи цензура и што значи нарачани и сервирани нарачки. Меѓутоа, колку тие можат во услови на една економска зависност е прашање на нивниот личен став. Затоа мислам дека треба овие претпоставки какви такви се поставени, за жал можеби законот требаше да биде побргу донесен. Меѓутоа, ние на Владата не можеме да и наложиме барем таков беше ставот на премиерот а ова што го кажа господинот Станковски некореспондира со ставот на премиерот тој вели дека не може да му се нарачува нему, меѓутоа, тој треба да има концепции или да гради свој концепт. За жал јас мислам дека законот за радиодифузија мислам на новиот нема да биде донесен се додека е оваа партија на власт, не поради друго туку затоа што со тоа си одзема е

дно свое сопствено оружје. До крајот на изборите нема да дојде нов закон за радиодифузија.

И на крајот да заклучам малце може би продолжив само така јавните гласила нема да бидат маргинализирани од јавноста, зашто тие треба и да израснуваат и да се легитимираат токму од неа. Тогаш ниедна власт, ниедна партија, да ја иритира јавноста загрозувајќи ги нејзините органи односно независните јавни гласила, се заложува самата себе.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги ние по обичај знаеме да излеземе надвор од рамките на дневниот ред. Тоа ни се случува и денеска кога имаме конкретен предлог на дневен ред за донесување на закон за изменување на законот за радиодифузија. И за што сите во салата знаеме за што се работи. Се работи за измена во законот со која треба да се укине претплатата,а ние наоѓаме за сходно, по повод на ваков предлог да разговараме за српски редакции при КТВ како што се залагаше господинот Митевски. Јас би бил меѓу посреден колегата Митевски така душно да се бори за македонска редакција при српската Радио-телевизија во Белград се залага овде S#1фма на граѓаните, колегата Гоце Андоновски се бори цело време независни информативни гласила а цело време зборува за уредувачка политика и како ние на тие независни гласила да им ја кроиме уредувачката политика.

Би скала да се осврнам на она што е на дневен ред и што е наша должност. Овој парламент како основач на МТВ има најголема одговорност за состојбите во информативниот простор што го покрива МТВ. Овој парламент е најодговорен затоа колку ќе биде целокупното граѓанско на Македонија задоволно од информациите што им се достапни секој ден. Според тоа овој парламент има и најголема

одговорност да оцени дали со прифаќањето на овој предлог на закон ќе направ: подобро, ќе придонесеме граѓаните на Македонија да бидат подобро информирани или ќе направиме полошо или евентуално како што овде беше спомнато ќе доведеме и до катастрофа. Едноставно еден дел од информациите се потребни на целокупното граѓанско, немаат цена. И такви информации колку сакаат да бидат независни, приватни ТВ, зборувам за еден дел од информациите на граѓанското не можат да му се обезбедат. Сакам да ви кажам дека во Европските асоцијации и организации на РТВ станици има една незгодна кратенка на македонски јазик па нема да ја кажам на европската организација, најверојатно доаѓа од"Еуропијан бројат кастинг организејшен"или меѓународните асоцијации итн., ако не постои државна радио и телевизија, не можеме да членуваме во тие организации и не можеме да очекуваме овој народ да има пристап од преноси во 00Н, на генерални асамблеи, на сесии на ЌЕБС и т.н. Според тоа, ако дискутираме за законот треба да знаеме што овој предлог, всушност значи. Според мене тој носи две несреќи. Едната несреќа е таа за што зборуваше колегата Станковски - државна радио и телевизија мора да постои. Нема држава без државно радио и без државна телевизија. Прашање е кој ќе ги финансира и како ќе бидат финансирање и прашање е дали со овој предлог закон, навистина, државната радио и телевизија што мора да постои ќе ја залепиме на државата на буџетот и тоа сигурно не оваа година, туку од идната година кога ќе треба да се билансираат средствата со буџетот и на таков начин ќе ја направиме понезависна отколку што е ако некој тврди ако е сега зависна. И втората работа е ако денеска го прифатиме законот, сосема е извесно дека државното радио, државната ТВ за многу краток период ќе бидат разнебитени. Ако нема држава без дражвно радии и ТВ и ако ги снема нив, тогаш е сосема јасно што со ова решение треба да направиме.

Затоа решението го барам во втората точка од заклучоците на Комисијата за што мислам дека има целосна согласност меѓу сите нас, затоа што е единствена оценката дека мора да се донесе нов закон за радиодифузија, за кои што за многу од овие проблеми што се напоменати овде ќе мора да се разрешат и тие решенија со кои ќе излеземе пред Парламентот ќе значат само чекор напред а никако чекор назад, или евентуално ако го прифатиме сега овој предлог закон целосно разнебитување на овие две витални информативни средства што ќе биде погубно за сите влијанија што се присутни од сите страни од оваа територија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Очигледно дека колегата Ханџиски не разликува независно јавно гласило, државна ТВ и партиско гласило. Јас кога зборував ова што денеска постои во Македонија, јас кажав дека треба точно да се дефинира и овој закон нуди такви решенија, едно е да е државна ТВ, а друго е независно јавно гласило и трето да е партиско гласило. Ако државата сака да има свое гласило, таа може да си го финансира и ќе се знае дека е тоа гласило на државата. И публиката, и читачката и слушателската и гледачката ќе знае дека е тоа гласило на државата. А независно јавно гласило, тоа е тоа што е независно и си има свој начин на финансирање. Тоа е исто така правен субјект како што се другите правни субјекти. Мислам дека е тука разликата. Јас зборував за уредувачката политика зашто ваквата уредувачка политика каква што е

сега повеќе ми личи како да е државна, и ако ние сите ја плаќаме. Мојата цел е да се оддели едното и другото па и третото. Тоа е битно за мене. Секоја држава нормално да си има свое државно гласило. Од тие работи не може да ги чувствуваме исто како и независно гласило.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Исто така и г-динот Митевски бара реплика.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Морам да му се обратам на мојот претседател на Комисијата за образование и ме изненади како човек заради тоа што мислам дека е висок интелектуалец и ги почитува уставните одредби. Според тоа ќе го молам да ми каже што предвидува член 7, 9 и 48 од Уставот на РМ. Што е тоа лошо што јас како претставник на народот кој што го претставува барав, а нека си го праша министерот Фрчковски дека на Аренс му ветил дека претставниците на српскиот народ рамноправно со другите националности ќе го делат медиумскиот простор. Ако не прочитал, нека земе нека прочита, и лошо е што мене ме упатува да се ангажирам на белградска ТВ да се воведе македонски јазик. Јас зборувам за граѓани од српска националност кои се лојални граѓани на оваа држава. Јас ги претставувам нив. Не ме интересира во други држави што се случува. Мислам, навистина, ме изненади како човек.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Повторно има збор г-динот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Тоа што мисли Социјал демократскиот сојуз и пратениците негови и сите пратеници во Парламентот, за правата на националностите стои

во Уставот и зад тоа сите ние стоиме и нема ништо лошо во тоа, да се бориме тоа што е зацртано во највисокиот акт да се спроведува. Јас не забележав на тоа, само јас реков дека би бил многу посреќен ако колегата Митевски на идентичен начин се бори за македонска редакција при белградската односно српската ТВ во Белград. И јас секој пат ќе се борам тие решенија што ние ги имаме што се оценети најпозитивно во Европа и од Батентер итн. да влезат и во тие Устави на соседните земји, таму каде што има Македонци, заради тоа што имаме обврска да се заштитат нивните права и да ги уживаат сите права како националности како што тоа ние овде го правиме.

Ова другото што сакав да го кажам со една реченица на колегата Гоце Андоновски е следното - нема меѓу нас недоразбирања односно не станува збор за тоа дека јас не сум го разбрал, евентуално може да стане збор дека тој мене не ме разбрал. Меѓутоа, тоа што сакав да го кажам со една реченица е следното: државно радио и ТВ ќе постои, многу е полошо државните радио и ТВ да се врзат на буџет на Влада. Нема подобро решение од тоа што сега го имаме, основачот, а тоа е Собранието во кое што седат пратеници на сите парламентарни партии да влијае на тие две информативни гласила и да се грижи да обезбеди предуслови за што повисок степен на информираност на граѓаните. Ако со некој предлог на закон туркаме кон тоа ингеренциите што сега ги има Собранието во таа информативна сфера да ги земеме и ги пренесеме на Владата, што мене моментално би ми одговарало, многу повеќе зашто ние сме коалиција, имаме коалициона Влада, и моментално би ми одговарало такво решение, така да таа државна ТВ и радио да бидат финансирани од Буџетот итн.

IX/9.-

Меѓутоа, генерално земено, апсолутно е подобро решението да си остане така како што е, основачот, Собранието на РМ да ги задржи ингеренциите во сферата на информирањето за овие две информативни гласила. Со предлог на законот, ние заправо отвораме пат за другото решение, а додека тоа д профункционира ќе ја уништиме македонската РТВ.

X/1.- ЛП/ОМ

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Реплика бара господинот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Можеби колегата Хнациски побрзо ме разбра отколку што јас го разбрав, ама и јас го разбрав што сакаше да каже. Да ви кажам во што е недоразбирањето. вака како што е поставена оваа Телевизија, а јас зборував за тоа» препознатлива е. Ако некој ја финансира, порано ја финансираше партијата , Социјалистичкиот сојуз финансираше пак. Тие мораа да постапат и да работат онака како што ќе им речеа тие органи и затоа пишуваше дека тие се органи на таа партија, органи на таа власт итн. Во моментот сакале или не да признаеме, препознатлив е одреден однос на одредени јавни гласила каде што се протежираат нарачани сервирани нарачки. Сега ако сакате да отвориме расправа кои се тие, бегаме од темата. Кога ќе дојде прашање за работата на информативните гласила, јас тогаш ќе кажам го задржувам тоа право. меѓутоа, можам слободно да Ви кажам дека во моментов сепак се води една провладина политика. Од тие причини, ако сакаат да бидат независни јавните гласила, прво мора економски да бидат ослободени, да се самофинансираат, да подлежат на истите законитости како и другите правни субјекти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Абдурахман Халити.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, самиот факт дека дискусијата се одвива вака како штос е одвива укажува дека во областа на информирањето имаме доста проблеми и тоа укажува дека таа точка што беше ставена

на дневен ред на една од седниците што не ја завршивме треба да ја завршиме и тогаш сите овие дискусии треба да ги напра- виме и да ги кажеме.

Тоа што излегов тука е една сосема банална причина. Излегов да кажам дека им завидувам на сите оние што априори тврдат дека нешто е уставно и нешто не е уставно. Јас имам исто така неколку пати обичај да кажам, меѓутоа, јас се оградувам со тоа што јас мислам дека ова е противуставно односно не е уставно. Никогаш не треба да се дозволи да се каже дека ова е уставно, ова е противуставно, затоа што ние имаме еден орган кој е исклучиво задолжен за тоа и постапка по повод овој закон таму се води и таква одлука ќе биде донесена, а ние сите ќе знаеме бидејќи таа одлука ќе биде објавена во Службениот весник на Република Македонија, ќе знаеме дали одредбите на овој закон кои се денес тука спорни се уставни или не се уставни.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон кажува тоа што многумина тука го спомнаа. кажува дека ги укинува одредбите кои предвидуваат плаќање на телевизиска претплата. Поинаку овој закон може да се вика и Закон за укинување на Македонската телевизија. Може и таков назив да има затоа што по некои информација Македонската радио телевизија се финансира со голем процент токму од претплатата сега сите тврдиме што сакаме. Сите кажуваме дека сакаме државна или сакаме каква Радио-телевизија. Ако тоа ни е заедничко, тогаш оваа денешна дискусија нека послужи како основа Владата да понуди целосен концепт - ова што впрочем е содржано во еден од заклучоците на Комисијата - за организацијата на информативниот простор во република Македонија, со начин на финансирање, начин на организирање, начин на формирање на приватни радио и ТВ станици итн. и тогаш да кажеме за

што се определува овој парламент. Инаку ќе паднеме во ситуација секој за нешто да се залага , а на крајот никој да не знае за што всушност се залага.

Јас не сум воопшто склон да ги сфаќам погрешно дискусиите меѓутоа Владата бидејќи и таа знае, а ние денес треба и со еден заклучок или незнам што да кажеме дека Собранието се залага, Владата на Република Македонија во што пократок рок да понуди целосен концепт за информативните гласила во Република Македонија и на една од седниците, кога ќе биде тој целосно готов, да се определиме за што сме. Инаку, денес е многу примамливо и ризично е за мојата изборна единица што јас вака зборувам, затоа што ќе ми замерат, овој не го поддржа предлогот за укинување на телевизиската претплата заради тоа што тоа е примамлива работа. Впрочем, убеден сум дека никој не сака да плаќа ТВ претплата. Не ТВ претплата туку никој не сака да плаќа нешто, нешто да даде, без оглед на тоа што ако се определиме тоа да биде финансирано од буџетот пак тие граѓа- ни ќе плаќаат, само на поинаков начин без да знаат дека плаќаат и за ТВ претплата на крајот на краиштата тоа е сосема исто.

Оттука, сосема искрено се залагам да ја прекинеме дискусијата, да се изјасниме по законот и да продолжиме да работиме по дневниот ред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Морам да признам дека немав никаква намера да станам денес да зборувам по Предлогот на закон. Меѓутоа, бидејќи со тој Предлог на закон се отвори еден вентил, што овде се искажаа многу работи токму за

работата на МРТ за бројноста, за квалитетот, неквалитетот, за приватните, поквалитетните и незнам уште какви те, за новинарите кои не треба да бидат политичари, дека незнам што треба да бидат. Ако новинарот не ја разбира и не ја знае политиката и не е политичар незнам што треба да биде и ако тој што објаснува таму докторски рабти ако не е доктор незнам што треба да биде и да објаснува итн. Доаѓаме до една ситуација навистина да не знаеме што сакаме. Сите треба и мора да знаеме дека нам ни недостига многу нешто во Република Македонија, меѓутоа, она што се предлага сега тоа мора да уследи нешто побавно, да речеме после извесен период, да помине оваа транзиција што ја викаме можеби година две, уште толку нека биде условно кажано, да имаме едно силно стопанство и силна држава економски , па да можеме да имаме еден државен канал, а се друго да биде од реклама и пропаганда. Тогаш ќе се видиме малку поубаво. Меѓутоа, сега ем голи ем боси ем сакаме незнам што. Е, не може така да биде.

Понатаму точно е тоа дека нашата телевизија некого значи превработеност. Во одредени сегменти таму, во некои делови од работењето има доста работници односно преработеност, меѓутоа, има и малку вработени во некои сегменти. Морам да кажам, ако еден квалитетен новинар не е добар новинар, тој не може да биде квалитетен новинар, а квалитетниот новинар мислам дека треба да го цениме многу и од нив се регрутираат луѓе и за амбасадори и за политичари и да не зборувам понатаму за што. Од оваа говорница како пратеници не можеме да речеме дека новинарите не смеат да бидат политичари. Што треба да бидат тогаш? Тие мораат да ја знаат политиката и на оваа и онаа партија, тие се на први борбени линии секаде каде што има штрајкови, демонстрации, војна. Немојте така. Тоа значи да не

X/5.-

зборуваме за новинарите токму како што разговаравме сега. Ќе излезе дека не се познаваме себеси.

Заради тоа, јас не сум да се донесе ваков закон. Има потреба до донесување на закон, меѓутоа, тоа да биде како што зборуваше господинот Абдурахман Халити, тоа да биде подоцна, да имаме една поголема и поширока материјална база, па дури тогаш би разговарале за сите односи што внатре треба да се сменат и да им оддадеме признание за ова што го направија сега луѓето во МРТ, од таа претплата што ја земаат што се градат, какви предаватели ли и др. Тоа е се од она што плаќаме. Дали граѓанинот сака да плати? Па ќе плати директно или индиректно, тој ќе плати, тоа мора да се плати. Меѓутоа, да се надминеме себе си и овој пат да не донесеме никаков закон, а да бараме да се донесе една програма која би се реализирала за период од година, две или три, се разбира, во рамките на можностите на Република Македонија, нејзините економски и други можности.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Ефтим Манев:

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, дадениот Предлог за изменување и дополнување на законот за радио дифузија од господинот Томислав Стојановски е прифатлив и тоа од следните причини:

До кога овој парламент ќе стои на едно становиште законите кои треба да се усогласат со Уставот, да продолжи да чека некое време кога ќе дојде. Сметам дека, иако констатирала Владата дека овој закон не е усогласен со Уставот и треба да се усогласи и дека даденото решение од предлагачот не решава докрај, сепак, квалитет се направи. Никој досега не ја спречил Владата да предложи нов закон. Ако Владата чувствувала таква потреба и ако се придржувала на програмата што ја понуди дека

ќе понуди повеќе закони, а програмата ја имавме на почетокот на годината, ние досега не добивме ништо. Господинот Станковски кој што предлагаше да влезе како заклучок да прифати Собранието да ја задолжат Владата да пушти закон, сметам дека ова Собрание такви ингеренции нема спрема Владата. Владата ја дала својата програма, партиите кои што ја избрале можат да бараат од неа само одговорност, а не може да бараат заклучоци Собранието да ја задолжи Владата,таа да го изготви овој закон. Утре ќе ја продолжиме да ни изготви друг закон. Владата има програма и треба да постапи по неа.

Што се однесува до фактот, можеби е болно прашање што со овој закон главно престанува претплата за радио и телевизија, сметам дека треба да престане, треба да престане за да се реши статусот со оваа наша македонска куќа. Засега ние зборуваме дека е македонска телевизија. Дали е македонска не знаеме баш сите.

Од тие причини, кога би престанала претплатата, законот многу побрзо би дошол на дневен ред и статусот на оваа македонска куќа ќе биде многу брзо решен.

Исто така, последниот закон денес ниту живее во доволна мера, затоа што ако има факти, телевизијата тоа го има на располагање, нека приложи на ова Собрание колку граѓаните плаќаат телевизија. Верувам дека повеќето од половината не ја плаќаат претплатата . На таков начин, тешко на оваа куќа што би останала на овој начин да живее и понатаму,д а чека подобри времиња. Ми се чини дека под итно треба Владата да го донесе тој закон и веројатно треба да го има изготвено до сега. Тој проблем се знае уште од минатата година, од Педесет и третата седница, тогаш е поставено прашањето за информативните куќи. Се избегнува прашањето, не сака да се реши, па оттука предлагам да се

прифати предложениот закон со Предлог за измени кој што е даден од господинот Томислав Стојановски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Ристо Станковски, реплика.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Само до претходниот дискутант би се обратил. Ако ние како парламент нема ме право да ја задолжуваме Владата и да даваме препораки до неа тогаш барем 50% од нашата работа што е овде во овој парламент ние сме ја промашиле и би било згодно како во претходната точка пратеникот Манев да станеше да зборува до принципиелни причини, бидејќи ова е принципиелна работа, па да каже дека ние немаме право Владата да ја задолжиме да даде информација за состојбите во спортот и да не зборувам за илјадници други работи кои сведоци сме дека се случувале во претходните три години од оваа говорница, каде што секогаш или многу често била препорака од ова Собрание, заклучок на Собранието или пак задолжение за Владата да направи ова или она. Според тоа, после три години да откриеме дека немаме право и токму за оваа точка да откриеме дека нема, а за претходната не знаевме, не знам дали се работи за принципиелен став или нешто е изумено.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Благој Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас сакам само да ве информирам почитувани пратеници, дека прифатените телевизиски куќи појдоа многу напред, а истовремено, една забелешка имам. Господинот Ханџиски сакам да го запознам, а изгледа е

запознат. Она што го кажа дека граѓаните нема да гледаат вести и некои одредени работи од Обединетите нации итн., сакам да Ве запознам дека пред недела дена господинот Сорос беше во Охрид. Приватните ТВ куќи беа таму, и Битолската телевизија беше таму. И што им кажа господинот Сорос? Дека многу напред одат приватните ТВ куќи, ќе ги опреми со најмодерна опрема. Во однос на таа ситуација јас незнам господинот Сороз зошто не ја повика МРТ, туку ги повика приватните, Значи, на еден начин, приватните одат со многу чекори напред, затоа што работат со мал број луѓе, а исто- времено и со квалитетот отидоа многу напред.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се приклонувам на оној дел на пратениците кои ќе гласаат против потребата од донесувањето на овој закон од една едноставна причина, мислам дека е принципиелна, а тоа е следната: Во основа не сакам ништо да срушам додека не бидам што ново ќе биде направено.

Поаѓајќи од ваквиот мој став, кај мене овој закон раѓа сомневање дека парламентот со донесувањето на тој закон нема да ја укине претплатата кон МРТ, зошто суштината е дека со вој закон во овој момент ќе ја укинеме Македонската радио-телевизија, барем на одредено време, заради тоа што не гледам како ќе го надоместиме просторот таа финансиски, а тоа значи и дефакто да функционира до наоѓање на нови средства за нејзино функционирање, преку буџет или незнам што.

X/9.-

Инаку, по малку популистички ми делуваат сите залагања да се откаже Републикава од претплата кон МРТ затоа што со такви популистички закони јас утре можам да предложам во Македонија да се укинат сите даноци и нормално сите граѓани ќе речат па добро, тоа е в ред, јас не сакам да плаќам даноци и понатаму ќе разградуваме едно по едно се додека не се разградиме самите себеси.

Инаку, мошне ме радува што после десет ипол месеци во парламентов се менува ставот кон господинот Сорос од комунистички и грчки предавник, тој стана сега за Македонија личност која знае што прави.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Никола Поповски беше последниот пријавен дискутант.

Молам службите да ги повикаат пратениците.

Молам, кој друг бара збор?

Има збор пратеникот Цветан Јовчевски.

XI/1 сп/вц

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господа пратеници, во целост го поддржувам предлогот на господинот Стојановски за промена на Законот за ТВ претплата од прости причини, да кажам само еден пример, не може македонскиот граѓанин или македонскиот работник да издржи повеќе од 10%. Зошто? Затоа што имаме моментална ситуација каде Синдикатот и Владата водат преговори дали да биде најмалиот труд на работникот 1850 денари или 2250 денари, што значи 200 денари тоа е повеќе од 10% зафаќање од личниот доход на еден работник. Знаеме стопанството во каква ситуација ни се наоѓа.

Исто така, не сакам да плаќам, односно не сакаат граѓаните да плаќаат радио и ТВ претплата кога на македонската радио телевизија која е државна и Македонија треба да има државна телевизија но, на 17.09.1993 година во 19,30 часот од Мумахед Мицај, министер за образование и култура на Република Косово, цитирам, барем така пишува Тој опширно говореше за образованието во Република Косово каде македонската телевизија вршеше промоција на Република Косово, а немаме такво право да вршиме таква работа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Друг пат тоа господине Јовчевски, сега е Предлогот на закон со кој се бара укинување на претплатата, а не уредувачката политика на телевизијата.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Ве молам господине претседавач да се искажам затоа што се зборува за претплатата на радио телевизијата. Како може еден граѓанин да плаќа радио и ТВ претплата кога се промовираат одредени републики кои никаде не постојат ниту во меѓународното право. Ве молам да се доискажам.

XI/2

Имено, беше кажано дека ќе се употребува буквар Прешево, Приштина, Куманово, Тирана, бидејќи живее еден ист народ односно тука буквално беа кажани оцртување на границите на една држава кои се залагаат за некаква голема Албанија. Тоа беше кажано од македонската телевизија. Имено, тој Мухамед Мицај не ја заобиколи ни Македонија, тој побара Република Македонија да ги нострифицира дипломите од Република Косово.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа воопшто не е предмет на дискусија и не треба да расправаме за тоа ниту го знам кој е ниту треба да го знам, овде работиме во Македонија и треба да зборуваме за македонската телевизија.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Како можат уредниците на МРТВ кои ја застапуваат македонската програма односно програмата на националностите како што се наведени во Уставот, албанската, турската и влашката да нема една корелација односно едно споредување. Како можеше МРТВ да допушти

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Покрени иницијатива за тоа па ќе расправаме на друга седница.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Токму тука господине претседавач како можат претплатниците да плаќаат радио и ТВ Претплата кога се нуди сосема друго од МРТВ, а се прогласува за државна.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Во ред, но предложи иницијатива да се расправа друг пат за тоа, а денеска имаме конкретен закон по кој треба да се изјасниме.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Сакам да напоменам дека господинот Станковски кажа оти вршат одредени телевизиски куќи блокади врз македонскиот простор. Точно е

и тоа, меѓутоа, МРТВ изврши блокада во сопствениот простор промовирајќи соседна држава која ниту е призната ниту некој слушнал за таква Република Косово. Ве молам, сосема е во право подносителот на Законот и го молам овој Парламент да го прифати законот на господинот Стојановски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Гошев.

Ве молам да бидеме внимателни и да слушаме оти навистина времето оди, а ние сеуште остануваме на расправа.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Би сакал да кажам неколку реченици во врска со овој предлог на предложен закон кој се сведува на идејата за укинување на претплатата за користење на ТВ апаратите. Прашањето е исклучително чувствително, расправата, колку што ја следев не се одвива според рационални и објективни критериуми (јас би сакал малку господата да завршат со зборување од место).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас навистина инсистирам да бидеме внимателни и да слушнеме за што станува збор.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас би сакал само неколку реченици, ако сте расположени да слушнете заради тоа што ова прашање е исклучително чувствително, а и темпераментот со кој се одвиваше оваа расправа покажува дека е навистина многу чувствително и дека ќе биде уште почувствително понатаму доколку работите во сферата на информирањето, таканареченото јавно информирање се одвиваат и натаму на овој начин како се одвиваат. Но, јас нема премногу да навлегувам на прашањето за објективноста на информирањето и врз основа на тоа да извлекувам заклучоци дали сум

за укинување на претплатата или не. Оваа расправа спаѓа во доменот на функционирањето и финансирањето на јавните претпријатија. Овој Парламент не смогна снаги врз основа на издржан предлог од актуелната влада или од актуелните влади што беа и од претходната, да расправа за улогата и функционирањето на јавните претпријатија, за нивната рационална поставеност за обавувањето на нивните јавни функции во оваа држава, а тие се финансираат, се разбира, од поширокиот општествен денар. Таа расправа не се оствари, не разговаравме за моделот на функционирањето на јавните претпријатија, освен инцидентна расправа кога оствапривме во врска со измената на законот за претпријатијата пак по еден непосреден повод инцидентен повод за тоа како да се именуваат директорите во јавните претпријатија, а предизвикаат од оној настан во РЕК Битола.

Сега имаме едно голицаво прашање уфлрено инцидентно па страстите се распалуваат. Бидејќи не се остварува таква расправа, бидејќи во јавните претпријатија актуелната извршна власт се разбира го има своето доминантно влијание затоа се случува едно да го бранат статус квото на ситуацијата и да велат ова е тоа и нема ништо друго што да се прави сега или тие што не се задоволни нека нудат, а ние не сме повикани тие субјектите на транзицијата или што ни падна во улога да бидеме субјекти на транзицијата да понудиме некое објективно подобро, радионално решение. Другите, бидејќи се незадоволни и тоа со право незадоволни од оваа ситуација од функционирањето на јавните претпријатија вклучувајќи ја и ТВ институцијата во Македонија предлагаат, се разбира некои решенија кои вака набрзина мислат дека можат да одговорат на дадениот момент и дадената ситуација. Се разбира ниту едното стојалиште не може да издржи елементарна критика заради тоа што статус кво ситуацијата познато е што произведува во оваа Република, а се разбира ниту некое брзоплето

решение предложено на овој начин нема да ги даде очекуваните резултати, туку може исто така да предизвика штета која потоа може да биде малку поголема од таа што се очекува со претходната намера. Веројатно, премногу се присутни мотивите кој врз што влијае и со што диригира во оваа Република.

Јас реков на почетокот нема да говорам за објективноста на нашата ТВ куќа, последните месеци тоа особено ми се потврдува, кога на пример настани на кои доаѓаат по 1500 луѓе не се настан за нашата ТВ куќа, а ние сме, се разбира, обврзани да имаме еднаков однос кон таа наша државна телевизија или кон тоа наше јавно претпријатие. Но, затоа реков нема да говорам, но се надевам дека ќе имаме еднаш тема на дневен ред да поразговараме за тие прашања за узурпацијата на актуелната власт врз јавното информирање. Бидејќи сега тоа и одговара на извршната власт, таа се разбира, не брза да донесе други решенија. Но, кој е мојот конкретен став во врска со ова прашање.

Прво, не можам да поддржам ваков закон што веднаш на препад ќе побара укинување на ТВ претплатата заради тоа што ТВ претплата за приемници имаат многу држави, тоа е еден од начинот на финансирањето и мислам дека може и треба да остане и во нашиот случај. Но, потребно е нешто многу друго да се направи, а тоа е како да се финансираат јавните претпријатија, каква функција имаат во општеството, дали имаат само социјална функција која ќе ја одредува една партија или една извршна власт, дали имаат комерцијална функција и кои се тие комбинации и начини на остварување на комерцијалната и социјалната функција за да дојде до рационално работење на една институција од таков тип.

Начинот на кој сега се финансираат функциите на МРТВ не може да доведе до рационално функционирање на тоа претпријатие и затоа

до ден денеска ниту едно раководство таму, а ниту Парламентот не се зафаќа со прашањето зошто мора 2000 луѓе таму да функционираат и зошто мора да има такви и такви програми. Тоа е поврзано со начинот на финансирањето. На кој начин може да се избегне тоа? За тоа треба да се расправа со претходно подготвен проект.

Секоја телевизија и секое јавно претпријатие мора да работат врз основа на исто така добро поставени комерцијални цели. И Македонската телевизија мора да работи врз основа на јасно поставени комерцијални цели. Меѓутоа, Македонската телевизија како јавно претпријатие како и многу други јавни претпријатија имаат и поширока социјална функција. Прашањето е како да се оствари таа социјална функција, бидејќи таа не кореспондира со некој комерцијален начин на стопанисување. За тоа прашање се подготвува посебен начин на финансирање. Во одделни држави пристапувајќи кон реформа на јавните медии од областа на информирањето односно на државните телевизии во секоја влада на пр. постојат Министерство за акционерство, постои министерство за остварување на социјалните цели. Министерството за остварување на социјалните цели формира комисија. ВО рамките на таа комисија еве да го предочам примерот со Нов Зеланд, се собираат средства од претплатата на сите сопственици на ТВ приемници односно на апаратите. Тие средства се собираат и тие претставуваат еден вид државен приход. На тие средства конкурираат и државната телевизија, на пр. телевизијата на Нов Зеланд ако го земеме тој пример, на тие средства конкурираат и приватните телевизии врз основа на претходно подготвени програми кои се оценуваат од страна на тие комисии - владини институции кои велат е таква програма има пошироки социјални цели за остварување на културниот, националниот идентитет на жителите на таа држава. На тој начин тие конкурираат и ги добиваат тие средства.

Останатиот дел од функциите на телевизијата или на јавното претпријатие се вршат врз комерцијална основа. На тој начин секое раководство во тие јавни претпријатија е заинтересирано да води сметка за ефикасноста на работењето. Овој начин, ако остане, нема да води сметка за ефикасноста на финансирањето. Јас ова го нафрлам за да кажам дека овој закон не би требало да го усвоиме набрзина. По моја оценка треба да произлезе заклучок Владата за една од наредните седници во најкус рок да подготви комплетен закон за начинот на финансирањето и начинот на работата и на јавните претпријатија особено во оваа сфера. Тогаш да расправаме комплетно, за да не направиме штета, затоа што функцијата на јавното информирање мора да се остварува Мора рационално да се остварува и мора објективно да се остварува. Во овој момент ниту таа се остварува рационално ниту се остварува објективно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Се приближува времето до кое сме одлучиле да работиме. За збор се јави господинот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитувани колеги навистина со обој предлог на закон се отворија многу прашања од едно многу пошироко поглавје кое не можеме да го елаборираме само преку овој предлог.

На сите ни е јасно значењето на информативните гласила ТВ или радио врз обликувањето на свеста на граѓанинот. На сите ни е јасно дека ни е потребна демократија, плурализација и алтернатива во информативниот простор. Исто така на сите ни е јасно дека е потребно демократско и законско регулирање на настанувањето на сите нови субјекти во информативниот простор. Меѓутоа, сега сите овие прашања се отворија со овој предлог.

Мислам дека во оваа фаза кога е многу актуелно, сите промени кои се одвиваат на политичкиот и економскиот простор на земјата вклучувајќи го и нејзиниот суверенитет, самостојност, не ќе можеме со еден ваков едноставен закон да им ја одземе слободата на луѓето да плаќаат ТВ претплата. Тоа е нивно лично право и лична слобода на граѓаните. Навистина е актуелен моментот низ една поширока и демократска расправа да се расправа за апаратот кој е обликуван во информативниот простор и кого го финансира државата и граѓанинот. Акутно е и. актуелно е прашањето за неговата рационалност, неговата натамошна трансформација, меѓутоа, се низ аспектите на една демократска расправа за неговата структура, потребните финансиски средства, а секако низ една таква поопстојна анализа ќе уследат одредени ослободувања на граѓаните и ќе ја земе функцијата државата во финансирањето онолку колку е нејзината снага.

Сметам дека за сега е многу прерано да го лишиме граѓанинот бројните промени и бројните потреби во информативниот простор поготово кога настануваат крупни промени и во општествениот и во политичкиот живот на Републиката.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

На листата на пријавените имам уште еден пратеник тоа е господинот Рамадани. Го ценам времето работиме 4 часа и повеќе без прекин, а истовремено оценувам дека почнува викендот и луѓето треба да одат бидејќи утре нема да имаме седница. До колку одлучите да работиме да ја завршиме точката да продолжиме, но молам можеме да ја завршиме расправата, а гласањето да остане за другата седница.

Дали уште некој се јавува за збор освен господинот Рамадани?

Еве на списокот ќе го запишам господинот Стојановски, па, дали се согласувате да ги ислушаме овие двајца или не?. Но, еве се јави господинот Агим Фазлиу, па господинот Драги Арсов. Значи, имаме уште четворица.

Ја прекинувам седницата, а за нејзиното продолжување дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).